РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

# „АНАЛИЗА НА УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА КУРДСКОТО ПРАШАЊЕ ЗА ГЕОПОЛИТИКАТА НА СРЕДНИОТ ИСТОК“

**-магистерски труд-**

**Кандидат:**
Бојан Попоски

**Ментор**:
Проф. д-р Тони Милески

Скопје, 2019 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 10-897/5
Датум: 09-05-2019
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет, постапувајќи по извештајот на Комисијата за оценка на магистерскиот труд, бр. 10-897/4 од 11.IV 2019 година, на **XX** редовна седница одржана на **8.V 2019 година**, донесе

О Д Л У К А
*за формирање на комисија за одбрана на магистерски труд*

1. Се усвојува извештајот на Комисијата за оценка на магистерскиот труд, бр. 10-897/4 од 11.IV 2019 година.

2. Се формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Анализа на улогата и значењето на курдското прашање за геополитиката на Средниот Исток" пријавена од **Бојан Попоски** студент на II циклус студии на студиската програма по Безбедност, во состав:
- проф. д-р Тони Милески
- проф. д-р Митко Котовчевски
- проф. д-р Лидија Георгиева

3. Јавната одбрана да се изврши во рок од 30 дена од денот на прифаќањето на Извештајот, односно на ден **23.V.2019 год.**

4. Времето и местото на одбраната на наведената дисертација да бидат објавени на огласната табла на Факултетот најмалку 7 дена пред денот на одбраната.

5. Комисијата да изготви Записник за текот на одбраната и истиот да биде потпишан од сите членови на комисијата.

6. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

7. По еден примерок од одлуката да се достави до именуваните, студентското досие, Одделението за општи и правни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофски факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија, Филозофски факултет Скопје

изработил: м-р Игор Панев
одобрил: Виолета Попстефанова

# АПСТРАКТ

Во овој магистерски труд ќе биде елаборирана геополитиката на Средниот Исток преку анализа на улогата и значењето на Курдското прашање, при што ќе се даде посебен осврт на курдскиот етницитет и неговата положба во географската област “Курдистан” која опфаќа делови од државите Турција, Иран, Ирак и Сирија. Исто така, ќе бидат анализирани географските и демографските карактеристики на Курдистан како и курдскиот јазик и знаме кои што и ден денес не претставуваат официјални симболи на една независна држава.

Во трудот ќе биде претставена главната причина поради која Курдите по распадот на Османлиската Империја немаат успеано во намерата за оформување на своја независна држава, како и нивното дејствување во изминатите 100 години со цел исправање на направените грешки.

Новонастанатата геополитичка ситуација во Средниот Исток по Арапската Пролетпретставува нова златна доба за остварување на курдскиот сон за независна курдска држава. Но, и покрај наклонетоста на геополитичките играчи дејствувањата и ставот на Турција ќе го спречи формувањето на нова држава на Средниот Исток.

Предуслов за да се стабилизира регионот на Средниот Исток е решавањето на Курдското прашање проследено со формирање на нова Курдска држава која би била суверена и независна.


**Клучни зборови:** суверенитет, етницитет, Курди, Курдистан.

## APSTRACT

In this master's thesis, the geopolitics of the Middle East will be elaborated by analyzing the role and significance of the Kurdish issue, with an emphasis on the Kurdish ethnicity and its position in the geographical area "Kurdistan" covering parts of Turkey, Iran, Iraq and Syria. Also, the geographical and demographic characteristics of Kurdistan, as well as the Kurdish language and flag, will be analyzed which still do not represent official symbols of an independent state.

The thesis will present the main reason why the Kurds after the breakup of the Ottoman Empire have not succeeded in the intention of forming their own independent state, as well as their actions over the past 100 years in order to correct the mistakes made.

The emerging geopolitical situation in the Middle East after the Arab Spring is a new golden age for the realization of the Kurdish dream for an independent Kurdish state. But despite the affection of geopolitical players, the actions and position of Turkey will prevent the formation of a new state in the Middle East.

A precondition for stabilizing the region in the Middle East is the resolution of the Kurdish issue followed by the establishment of a new Kurdish state that would be sovereign and independent.

**Keywords**: sovereignty, ethnicity, Kurds, Kurdistan.

# СОДРЖИНА:

Вовед.......................................................................................................6

1. Формулација на проблем на истражување.............................................7

2. Предметот на истражување.......................................................................8

3. Дефинирање на клучните поими на теоретско и операционално ниво............9

4. Цели и задачи на истражувањето.............................................................12

5. Хипотези на истражувањето......................................................................13

6. Варијабли.......................................................................................................14

7. Научна и општествена оправданост на истражувањето.........................14

8. Методологија на истражувањето, применети постапки и техники...................15

9. План и кадри за истражувањето..................................................................15

10. Простор и време на истражувањето.........................................................16

**Глава I:**

1. Географски и демографски карактеристики на географската област „Курдистан“.......................................................................................17

   1.1. Географски карактеристики на Курдистан...................................................19

   1.2. Демографски карактеристики на Курдистан.................................................20

   1.3. Курдски јазик..................................................................................................22

   1.4. Курдското знаме..............................................................................................23

**Глава II:**

2. Дефинирање на Курдското прашање..........................................................25

   2.1. Договорот Сајкс-Пикот.................................................................................25

   2.2. Меморандумот за барањата на курдскиот народ од 1919 година....................27

   2.3.Договорот од Севр...........................................................................................29

   2.4. Лозански Договор...........................................................................................32

   2.5. Положба на Курдите во Турција...................................................................33

      2.5.1.Курдската работничка партија – ПКК (Partiya Karkerên Kurdistanê)...........................................................................................40

   2.6. Положбата на Курдите во Ирак....................................................................46

   2.7. Положбата на Курдите во Иран.....................................................................56

   2.8. Положбата на Курдите во Сирија...................................................................61

      2.8.1.Дејствување на Курдите во Сирија по Арапската Пролет............................64

         а) Партијата на демократскиот сојуз (PYD).................................................69

         б) Народни одбранбени единици ..................................................................70

**Глава III:**

3. Формирање на нова држава на Средниот Исток - Курдистан, реалност или фикција........72
3.1.Меѓународно признавање на држава........72
3.2.Белези на државата ........75
3.2.1.Територијата како белег на државата........76
3.2.2.Населението како белег на државата........77
3.2.3.Власта како белег на државата........77
а) Суверенитет на државната власт........78
б) Народен и национален суверенитет........78
в) Територијален државен суверенитет........78
3.3.Однос и релација на поимите етницитет – нација........79
3.4.Видови признавање на нови држави........80
3.4.1. De jure и de facto признавање........80
3.4.2. Условно и безусловно признавање........80
3.4.3. Изрично и премолчено признавање........80
3.4.4. Индивидуално и колективно признавање........81
3.5.Курдите и нивната борба за независност........81
3.6.Турција како главна пречка за формирање на Курдистан........85
I - Проблемот со сириските бегалци........86
II Протестите „ Гези парк“........87
III Турско –Руска криза........87
IV Обид за државен удар во Р. Турција........88
V Разврска на Турско – Руската криза........89
а) Писмо до Претседателот на Руската Федерација Владимир Путин........90
б) Турски тек........90
в) Набавка на руски воздушен систем С -400........91
VI Операција „Маслиново гранче“........91
**Заклучок**........93
**Библиографија**........98

# ВОВЕД

На денешницата Средниот Исток претставува регион кој не случајно е жариште на конфликти и отворени прашања. Средниот Исток е регион кој го поврзува Истокот и Западот, Медитеранот и Индискиот Океан, Русија со топлите мориња. Контролирањето на најбитните патишта по копно и вода кои се од круциално значење уште од најраните историски периоди го прави Средниот Исток примарна цел на силите кои бараат светска доминација.

По првата половина на XX век со зголемувањето на вредноста на нафтата која уште и се нарекува „црно злато“,  поморските и копнените патишта на Средниот Исток добива на се поголемо стратегиско значење. [1]

Според “Британика”, Среден Исток е исто што и Близок Исток но разликата е што терминот Среден Исток започнува да се користи на почетокот од XX век, а го означува истиот регион.[2]При што, концептот Среден Исток е базиран врз Европскиот централистички пристап и покрај културната и географската димензија опфаќа и политичка димензија.

Курдското прашање е едно од многуте нерешени отворени прашања на Средниот Исток но може да се каже и дека е најкомлексното прашање бидејќи станува збор за броен народ кој не успеал да создаде национална држава и не го ужива правото на самоопределување кое е од фундаментално значење.

Курдскиот проблем или Курдското прашање има повеќе димензии. Да се биде мулти-димензионален проблем со себе носи и плаќање на голема цена. Курдскиот проблем е проблем со кој се соочуваат Курдите во Турција, но и во регионот, односно во Иран, Ирак и Сирија.

Во овој магистерски труг ќе бидат опфатени географските и демографските карактеристики на географската област „Курдистан“ која опфаќа територии од Турција, Иран, Ирак и Сирија, дефинирање на Курдското прашањекако и борбата на курдскиот етницитет за автономија и унапредување на своите права поединечно во државите каде што живеат Курдите.

---

[1]Ömer Turan, Tarihin Başladığı Nokta Orta Doğu , Step Aj ans Yayınları, Ġstanbul 2002, s.16.17.
[2] https://www.britannica.com/story/are-the-middle-east-and-the-near-east-the-same-thing

Исто така, при формулирање на проблемот на истражување ќе бидат анализирани и влијанието на големите геополитички играчи и центри на моќ како и причинско–последичните настани кои допринесуваат односно го оневозможуваат создавањето на нова држава на Средниот Исток „Курдистан".

Улогата на Курдското прашање за геополитиката на Средниот Исток ќе ја дисбалансира доминантната сила на моќ во регионот – САД и ќе допринесе до унапредување на односите помеѓу Република Турција и Руската Федерација, кој сојуз е сериозна закана за про-западните геополитички играчи.

## 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Новонастанатата ситуација, геополитичките игри и превземените дејствија од страна на геополитичките актери на Средниот Исток доведуваат до менување на статусот и значењето на курдскиот етницитет во регионот.

Имено, курдскиот етницитет од етничка група која се наоѓаше на маргините од општеството денес е подржана од меѓународната заедница и полека, но сигурно го гради својот статус на меѓународната сцена.

За да се анализира улогата и значењето на Курдското прашање за геополитиката на Средниот Исток треба да се има во предвид следото:

Курдите се една од најголемите етницитети во светот  кои не поседуваат своја сопствена независна држава. Според истражувањата Курдите се популација која брои над 25 милиони. Етничката граници на живеење на Курдите наречена „Курдистан" (за прв пат терминот „Курдистан " е употребен во 12 век за географската и етничката местоположба на живеење на курдскиот етницитет во склоп на Османлиската Империја [3]), по распадот на Османлиското царство,  била поделена и се наоѓа на границите на денешна Турција, Ирак и Иран со помали делови во Сирија, Ерменија и Азербејџан. Најголем број на Курдите денес се уште живеат во „Курдистан", иако во последниов век Курдската дијаспора нагло се разви, посебно во главните градови на Турција и Иран, а од неодамна и во Европа.

[3] Limbert, John (1968). "The Origins and Appearance of the Kurds in Pre-Islamic Iran". *Iranian Studies*(International Society for Iranian Studies adına Taylor & Francis, Ltd.) **1**: 41-51

Помеѓу 17 и 19 милиони Курди живеат во Турција каде што тие сочинуваат околу 20 % од населението[4]. Меѓу 5 и 6 милиони живеат во Иран претставувајќи околу 10 % од наделенитето, а додека во Ирак живеат повеќе од 4 милиони Курди, односно околу 23 % од вкупното население.

Во модерната ера, курдскиот етницитет со својата карактеристична култура и општество мораше да се соочи со централизацијата и етничките националистички режими кои им ги налагаа ‘’домаќините’’ со малку или без никаква толеранција за изразување на националната автономија во рамките на нивната етничка граници. Додека режимите и степенот на угнетување се различни во зависност од времето и местото, условите на Курдите делат некои слични карактеристики.

Прво, курдските области се поклопуваат со државните граници – така што на тој начин тие се изложени на пречки и манипулација од страна на регионалните и меѓународните сили.

Второ, регионите во овие земји каде што се населени Курдите обично се најсиромашните, најбедните и најнеразвиените што доведува до нивна маргинализација од страна на центрите на економска моќ.

Трето, динамиката на нивната културна асимилација, репресија и отпорот кој го пружат Курдите во секоја држава во која се населени директно се одразуваат насоката и исходот на курдските борби во соседните земји.

Четврто, заедничка карактеристика е дека курдските заедници се сами по себе комплексни и полни со разлики во политиката и идеологијата, социјалната класа и дијалектот.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување на овој магистерски труд ќе биде курдскиот народ, „Курдистан“ односно географската област чија етничка граница не е прецизно определена, а која опфаќа делови од источна Турција, североисточна Сирија и Ирак и северозападен Иран и политичките и воени случувања на Средниот Исток во последниве дваесет години.

По „Арапската Пролет“, новонастанатата ситуација на Средниот Исток и формирањето на Исламската Држава, курдскиот етнцитет и дејствувањето на

[4]KürtMeselesindeAlgıveBeklentiler, İletişimYayınları, 2011, sf. 87

курдските ирегуларни сили во регионот е од големо значење за постигнување на геополитичките цели наметнати од владините и невладините актери на глобалната сцена. Метафорички кажано на шаховска табла пиунот е безначајна фигура, но при крајот на партијата неговиот опстанок и учество во играта може да биде клучен елемент за да се добие посакуваниот исход.

Очигледно е дека по заладувањето на Руско – Турските односи, поради соборениот Руски авион од страна на Република Турција е зголемена Руската поддршка кон „Силити за заштита на народот“ и „Курдската работничка партија“ која дејствува во регионот како ирегуларна сила и се бори за правата на Курдите. Од друга страна и покрај тоа што Курдската работничка партија веќе триесет години е класифицирана како терористичка организација од страна на САД, поради завземеното активно учество во борбата против Исламска Држава, во моментов Курдската работничка партија претставува своевиден сојузник на САД.

Долгогодишните претензии и борба на курдскиот етницитет, дејствувањето како ирегуларна сила во регионот со цел самоопределување и создавање на своја држава „Курдистан“ претставува политичко – географски процес во кој што големите актери на геополитичката сцена ќе одлучат дали ќе има промени во географската карта на Средниот Исток и ќе се исполни проектот на Бернар Левис за создавање на нови држави на Средниот Исток.

## 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПОИМИ НА ТЕОРЕТСКО И ОПЕРАЦИОНАЛНО НИВО

Со намера да се дојде до отстранување на можните недоразбирања и можностите за различно толкување на некои слични категории и податоци, потребно е да се претстави појмовниот апарат кој ќе се користи во натамошниот текст.

**Геополитика:** претставува составен дел од политиката на државата. Таа има пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика. Денес има неколку различни пристапи за проучување на геополитичките сфаќања, меѓу кои се истакнуваат класичната

геополитика, неокласичната геополитика, субверзивната геополитика, не-геополитиката и постмодерната геополитика.

Геополитичките теми се класифицираат во две теории: практична геополитика која претставува водилка на надворешната политика на државата и формална геополитика која се однесува на меѓународните односи и чија главна задача претставува критичка анализа на практичната геополитика[5].

**- Формална геополитика:**ги претставува геополитичките визии и теории кои се создаваат од страна на индивидуалци, државници, стратегиски институции, односно на академско ниво.

**- Практична геополитика:**создава геополитички визии и теории од страна на националните институции кои се занимаваат со надворешна политика (Влада, Министерство за надворешни работи и останатите институции).

**Политичка географија:** се занимава со проучување на географските, процеси, појави и односи кои имаат политички карактер, одосно во својот истражувачки фокус ја има географската условеност на политичките процеси и ги анализира причинско-последичните врски. Нејзин предмет на истражување се расниот, религискиот и етничкиот распоред на населението во светот, политичките миграции, карактеристиките на политичко-географската положба, големината и обликот на државната територија и сл.

**Геополитички поредок:** геополитичкиот поредок според критичката геополитика се дефинира како збир на вообичаени правила, институции, активности и стратегии низ кои делувала и делува меѓународната политичка економија во различни историски периоди. Атрибутот „геополитички“ укажува на географските елементи на светскиот поредок. Оваа квалификација на поредокот како геополитички се подразбира, заради фактот што поредокот нужно има сопствени географски обележја кои вклучуваат одреден степен на централизација на државната територија во однос на општествените и економските активности, природа на хиерархиски односи помеѓу државите, просторни аспекти на активностите на различни држави и други субјекти на меѓународните односи, просторна поврзаност или неповрзаност помеѓу различни актери, придонесот на информациските и воените технологии на

[5]Проф. Д-р. Тони Милески, *„Македонија: Рубикова коцка на Балканот„* Скопје, 2005,стр.149-150.

просторната интеракција како и класификација на светските региони и поединечните држави во однос на заканите кон нивната воена и економска безбедност.

**Геостратегијата:** е концепт чијашто основна цел е остварувањето на контролата на територијата, завладување на геостратегиските позиции, утврдувања, пристаништа, острови, канали, големи комуникациски и логистички артерии. Геостратегијата претставува врзулка на географските, политичко-географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење.

**Сепаратизам**:е залагање за состојбатана културните, етничките, племенските,верските или политичка автономија на одредена група (расна, етничка), дури и барање за полно политичко отцепување и формирање нанова држава. Сепаратистичките барања зависи од различни економски, политички исоцијални фактори.

**Тероризам:** претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директна врска со странските сили или пак, чии активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти со цел да ги заплаши или да го принуди населението или било кој сегмент од општеството во остварување на своите политички или општествени цели.

**Етницитет**: претставува народ што има заедничка култура и заедничка историја, во која односите помеѓу припадниците на народите се одликуваат со емотивност и чувство на заедништво претставени преку зборот „ние“ за разлика од некои други групи, односно „тие“. Честопати таквата група се разликува од некоја друга според бојата на кожата, јазикот или религијата на нејзините членови.Желбата на посилните етнички групи е да создадат држава, а кога ќе го постигнат тоа, тие прераснуваат во национална група[6].

**Суверенитет**: или сувереност може да се дефинира како највисока, врховна власт на наметнување на граѓаните на одредена државна територија која истовремено е неограничена и независна од и кон надвор. Суверенитетот

[6]Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, “*Политички систем”*, Скопје, стр.187.

се објаснува како својство или обележје на државната власт како правно највисока и независна од сите власти на територијата каде што се остварува.

**Нација**: претставува сложена појава врз чие што создавање влијаат бројни културни, политички и психолошки фактори. Така да при дефинирањето на нацијата треба да се имаат предвид три аспекти и тоа:

- Културен аспект, кој ја дефинира нацијата како група луѓе што се поврзани со заедничкиот јазик, вера, историја и традиција.
- Политички аспект, кој ја сваќа нацијата како група луѓе што себеси се доживуваат како природна политичка заедница и
- Психолошки аспект, според кој нацијата е група луѓе што имаат чувство на меѓусебна лојалност односно, приврзаност во вид на патриотизам.

**Човекови права:**претставуваат бедем што ги штити индивидуите од државата, од другите индивидуи и од наметнување товар на индивидуите заради општото добро. Човековите права се смеетаат како инструменти за заштита на човековото достоинство.[7]

## 4. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целите на истражувањето се така насочени да можат да понудат една опсежна и колку што е можно попрецизна елаборација на улогата на Курдското прашање во геополитиката на Средниот Исток.

Поединечни цели кои ќе се потруди да ги постигне ова истражување се следниве:

- формирање на теоретска основа која ќе овозможи понатамошно усовршување и дополнување на научните знаења во оваа област;

- ќе понуди едно објаснување и една детална анализа на светските геополитички токови;

- ќе објасни одредени меѓународни политички постапки и преземани акции низ призмата на објективноста и причинско-последичната релација;

- ќе се употреби практичниот геополитички пристап во анализата на односите на државите вклучувајќи го и курдскиот етницитет.

[7]Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, "*Уставно право*", Скопје, 2009, стр.209.

- ќе се потруди да даде колку што е можно пообјективно предвидување за идните односи на Средниот Исток и Курдското прашање.

Задачите кои се поставуваат пред ова истражување ќе треба да помогнат во утврдувањето на актуелната состојба на геополитичка сцена во врска со курдското прашање и Средниот Исток, кои на кратко би изгледале вака:

-спроведување на теоретско истражување кое ќе се потруди да објасни одредени феномени и состојби како највисока;

-запознавање со историските аспекти и еволуцијата на геополитичките односи помеѓу курдскиот етницитет и државите кои се предмет на истражувањето;

-детектирање на ситуациите (доколку постојат такви ситуации) кои се јасни показатели на односите помеѓу етницитетот и

-запознавање со веќе завршените трудови (во домашната и меѓународната научна јавност) кои се однесуваат на конкретното поле на истражување.

## 5. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа хипотеза:**

Курдското прашање е во тесна релација со новонастанатата ситуација и политичко – географскиот процес на Средниот Исток.

**Посебни хипотези:**

- Курдската работничка партија дејствува согласно интересите и ставот на глобалната меѓународна коалиција предводена од САД во борба против Исламска држава во Ирак и Сирија.

- Курдската работничка партија-ПКК превзема терористички акти и ја загрозува националната безбедност на Република Турција.

- Курдската независна област во северен Ирак претставува преодна фаза во формирањето на „Курдистан“.

- Наклонетоста и поддршката на светските сили кон курдскиот етницитет го загрозува суверенитетот и интегритетот на Република Турција.

- Замислената област „Курдистан“ е од големо геостратегиско значење.

## 6. ВАРИЈАБЛИ

**Независни:** геополитички правци, теории за меѓународни односи, геостратегиски варијабли, безбедносни варијабли, економски варијалбли, политички варијабли.

**Зависна:** улогата на Курдското прашање во геополитиката на Средниот Исток.

## 7. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преку научната цел на ова истражување се врши научна дескрипција и научно објаснување и разработка за Курдското прашање и геополитиката на Средниот Исток.

Врз основа на применетата научна методологија трудот ќе даде своевиден придонес кон објаснувањето одредени политички, воени и економски активности на Средниот Исток, како и ќе ја прикаже објективната слика за курдскиот етницитет, Курдското прашање, нивното дејствување во Средниот Исток, начинот и дејствувањето во борбата за самоопределување и крајната цел создавање на своја држава.

Општествената оправданост на ова истражување се огледа во фактот што на еден систематизиран начин ќе се согледаат состојбите на полето на развојот на геополитичката мисла на курдскиот етницитет во Средниот Исток. Ваквите сознанија во голема мерка можат да се користат и во геополитичките анализи и заземањето вистински правци на македонската надворешна и внатрешна политика, односно да се осознаат сите можни предизвици и поволности кои можат да бидат од корист на државата.

## 8. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, ПРИМЕНЕТИ ПОСТАПКИ И ТЕХНИКИ

Истражувањето се базира на мултиваријантна анализа, анализа, дедукција и спецификација на теоретските постулати. Со ваквиот пристап ќе биде овозможено да се опишат сите причински релации на варијаблите, а потоа преку процесот на логичко поврзување, индукција и прикажување на реалните состојби ќе се развијат заклучоци и нови сознанија за идентификацијата и степенот на инплементација на Курдското прашање во геополитиката на Средниот Исток.

Од користените техники најмногу е застапена анализата на содржината, првенствено на стратегиски документи, наоди, теории како и дефиниции во пишана форма.

Основната цел е преку овие применети техники за обработка на податоците да се дојде до потребните податоци за идентификација на Курдското прашање во геополитиката на Средниот Исток, како и со подетална и сеопфатна обработка, пред се да се даде скромен придонес во творештвото и зголемување на познавањата од оваа област, а исто така и актуелизирање на оваа тема.

## 9. ПЛАН И КАДРИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Извори на податоци се: Универзитетски библиотеки на Република Македонија и Република Турција, Министерство за надворешни работи, официјални интернет страници на истражувачки центри, интернет библиотеки и списанија со отворен пристап. Искористени се сознанија од релевантни научни работници во конкретната област. Материјално техничките средства се оденсуваат на искористување на работни простории, библиотека, компјутер, интернет пристап, хартија и сл.

## 10. ПРОСТОР И ВРЕМЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Потребно е време од 10 месеци за истражување, собирање на материјали и пишување на анализа од истражувањето.

Истото ќе се спроведе во три фази:

- Прва фаза: собирање на потребниот материјал (3 месеци)
- Втора фаза: спроведување на истражувањето, обработка на податоците (3 месеци)
- Трета фаза:пишување на трудот (4 месеци)

# ГЛАВА I:
# Географски и демографски карактеристики на географската област „Курдистан"

Доколку се запрашаме концептот Среден Исток за прв пат кога и од страна на кого е откриен одговорот ќе биде дека истиот за прв пат е употребен во 1902-та година од страна на Американскиот морски историчар и геополитичар Алфред Тајер Махен во неговата статија „Персискиот залив и меѓународните односи " објавена во Национален преглед.[8]

Според Махен, Персискиот залив е најважниот регион што треба да се брани по Суетскиот канал за преминување во Индија. Махен во оваа дефиниција Средниот Исток го претставува како стратешки концепт врз морските патишта. Концептот привлекол големо внимание кај Англичаните, Русите и Германците во борбата за влијание.[9]

Пресекот на мориња и континенти на Средниот Исток го привлекло и вниманието на геополитичките теоричари односно „Хартлендот" на Мекиндер и „Римлендот" на Спајкман кој ги опфаќа териториите кои се во овој регион.

Паралелно со појавата на индустријализацијата во почетокот на XX век се појавува и потребата за користење на нафтата во воените возила при што започнува конкурентната битка за „црното злато" од страна на големите доминантни сили. Поради тоа Средниот Исток кој што изобилува со нафтени ресурси ќе стане мета на големите геополитички играчи.

Средниот Исток е географска област која се простира околу Западна Азија, Турција (која територија е на Европскиот и Азискиот континент) и Северна Африка, а ги опфаќа териториите на Кралството Бахреин, Кипар, Египет, Иран,Ирак, Израел, Јордан, Кувајт, Либан, Оман, Палестина, Катар, Саудиска Арабија, Сирија, Турција, Обединетите Арапски Емирати и Јемен.

Најголема религија на Средниот Исток е Исламот, а има застапеност и на Христијанството и Јудаизмот.

Во Средниот Исток живеат голем број на етнички групи од кои најбројни се Арапите, Турците, а живеат и Евреите, Персијците, Арамејците, Асирците, Балохите, Берерите, Коптите, Друзеите, Лурсите, Мандејците, Самарите,

[8]Roderic H.Davison, Where Is The Mıddle East?, Foreign Affairs vol:38, New York, 1959-1960, s.667
[9]Davut Dursun, Ortadoğu Neresi Subjektif bir Kavramın Anlam Çerçevesi ve tarihi, www.stradgma.com,Kasım 2003, s.1

Шабаките, Татарите и Зазите, како и Курдите кои се предмет на анализа во овој магистерски труд.

Во централниот дел на Средниот Исток, на раскрсницата помеѓу Турција, Иран, Ирак и Сирија се наоѓа географската област „Курдистан“ (во понатамошниот текст: Курдистан), на која најголемиот дел од популацијата кое живее на оваа територија се етнички Курди.

Самото име „Курдистан“ се јавува дури во 12 век, во епохата на Турците-Селџуци, а во литературните извори во средината на 14 век во собраните дела на Хамдули Мустафаа Казавани„ Nushood al - Kulub “.[10]

Од страна на англискиот истражувач од XIX век Изабела Берд Бишов е поставено прашањето дали Курдистан е географски поим или во говорниот јазик збор кој се употребува за земјата населена со Курди.[11]




**Карта -1**

**Карта на населени курдски области**[12]

[10]Курдското национално прашање, Гордана Синадиновска, Д-р Бранислав Синадиновски, ст.13 1983 година

[11]Шапилов С., „Османская печаты, Восточный сборник“,свп ,1931 ,стр.372

[12] https://www.britannica.com/topic/Kurd/media/325191/6304

### 1.1. Географски карактеристики на Курдистан

Курдистан е територија која се простира помеѓу 34 и 39 степен на северната географска широчина и 37 и 46 степен на источната географска должина.

Како искривена фигура, таа територија се протега во должина од околу 1000 километри, а широчина 300-500 километри.

Во картата на Курдистан во курдските националистички изданија територијата на Курдистан завзема од 500-530 илјади км², а додека курдскиот научник Гасемлу истакнува дека таа завзема 409.650 км² и тоа 199.400 км² во Турција, 124.950 км², во Иран 72.000 км², во Ирак и 18.300 км² во Сирија.[13]

Курдистан е претежно планинско подрачје. Најголеми планински ланци се Западен Таурус во југоисточниот дел на Турција и Северен Загрос, кои се протега од езерото Ван во Турција во правец на Ормускиот кланец, одделувајќи го Иран од Ирак. Повеќе врвови на овие два планински венци достигнуваат преку 3.500 метри, а најпознати се Решко со 4168 и Арарат со 5.165 метри.

Западен Таурус и северен Загрос формираат една тешка проодна бариера, чиј западно-источен пристап е можен само преку Ерменија, а јужниот преку Равандуз во Ирак. Во Античкиот период овој пат бил употребуван од Асиријците, а потоа од Монголите, а за време на Првата светка војна од британските трупи. Денес тој е позната под име Хамилтонов пат, по име на британскиот инжињер кој успеал да го помине во периодот од 1927 и 1932 година.[14]

Пространата планинска територија на Курдистан е испресечена со плодни долини кои ја формираат големата Семитска рамнина позната во античкиот период како Шанаар. Приодите кон нив во летно време се тешки, а во зимскиот период често невозможни поради големите снежни наноси. Летно време ниските падини се суви и голи.

Подрачјето на Курдистан изобилува со вода. Од двата хидрографски базени на езерата Ван и Урмија водените ресурси се сливаат во арапско-персискиот залив преку дветемесопотамиски реки Тигар и Еуфрат, а во северниот дел се наоѓа големата ермеска река Араксе која се влива во Каспиското море. Големиот воден потенцијал придонесол да на планинските

[13]Ghassemlou Abdul Rahman, Kurdistan and the Kurds, Praha, 1965, str.1
[14]Гордана Синадиновска, Д-р Бранислав Синадиновски, Курдското национално прашање, 1983,ст.11-12

масиви се простираат огромни пашњаци, а исто така овие планини се богати и со храстови шуми.

Климата во областа Курдистан е континентална со големи температурни промени. Промените посебно се изразени во Иранскиот дел на Курдистан каде разликата помеѓу зимните и летните температури се движи од -20 до +30 степени. Во долините владеат пријатни услови за земјоделие, а на ридско планинскиот дел е развиено сточарството.

Курдистан е богат со природно ресурси како железна руда, камен јаглен, обоени и ретки метали, а додека најголемиот акцент за битноста на овој регион и геостратегиското значење е поради големите резерви на нафта и земен гас.

## 1.2. Демографски карактеристики на Курдистан

Името Курдистан или како што се нарекува „Земјата на курдите", не представува име на една независна земја со определени политички граници во територика каде што живеат Курдите, туку на нивното етничко потекло и дека провинциите на Турција, Иран, Ирак и Сирија познати како „Курдистан" не одговараат на поширокото подрачје на етничката експанзија на Курдите.

Денес во поголема или помала мера е очигледно дека мнозинството на курдското население е населено во пошироката територија помеѓу 34 и 39 степен на северната географска широчина, односно 37 и 46 степен на источната географска должина. Како фигура со искривен облик, територија на Курдистан се протега во должина од 1.000 километри, а во широчина од 300-500 километри.

Тешкотиите околу прецизното утврдување на територијата на Курдистан се огледа и во тоа што курдскиот народ е составен од различни племиња кои во добар број административни подрачја на источниот дел на Турција, западниот дел на Иран и северниот дел на Ирак не сочинуваат апсолутно мнозинство на населението. Етничката особеност на Курдистан посебно била карактеристична во периодот на Отоманската империја, кога во нејзините источни вилаети западните провинции на Иран, покрај курдското, живееле и многубројни ерменско и асирско население кое поради тешките услови за живеење се иселиле од оваа територија.

Ништо полесно или помалку сложен е одговорот на прашањето за бројноста на курдкиот народ. Во многунационалниот Курдистан кога би сакале

да ја спроведете оваа статистичка опрерација неизбежно е политичкото влијание на државите кои се присутни во оваа област. Спроведувајќи асимилаторски политика иранските, ирачките, турските и сириските власти секогаш го намалуваат бројот на Курдите. Ако ги анализираме официјалните документи од пописи на населението во Турција и Иран ќе приметиме дека во 1960 година во Турција имало само 185 илјади Курди, иако 457.000 Турци го признаваат курдкиот јазик како свој втор јазик, а во Иран во пописот од 1956 година имало 1.060.000 Курди. Во истиот период Комитетот за меѓународни односи на Сенатот на САД смета делка во овие две земји живеат преку 8.5 милиони Курди.

Денес, Курдите во Турција ги населуваат источните и југоисточните области на земјата или градовите Дијарбакир, Битлис, Хакари, Мардин, Муш, Бинѓол и Ван каде преставуваат и мнозинство од населението во овие градови.

Исто така, Курдите живеат и во Ерзурум, Ерзинџан, Малатија, Тунџан, Шанлиурфа, Гумушане, Газиантеп, Кахраманмараш, Ари и Сиирт каде се малцинство.

Во Иран, Курдите се во градовите Керманшах, Маку, Махабада Саккиза, Бане, Резаје и Сенеџак. Во Ирак Курдите се групирани во три области: Ербил, Сулејманија и Дохук, а ги има и во Зако, Амадија, Акра, Киркук, Салахидин, Мосул, Дијала, Шајкан и Синџар.

Во Сирија, Курдите главо се населени во три области и тоа: Курд-Даг на исток од Еуфрат, североисточно од Алепо и во Џезира.

Исто така, Курдите како малцинство ги има во Азербејџан, Туркменистан, Грузија (Џорџија) и Ерменија.

Надвор од областа Курдистан денес Курдите ги има и во Авганистан, Пакистан, а во Европските земји бројот на курдски емигранти секојдневно се зголемува. Воените конфликти во Ирак, и моментално во Сирија придонесоа да постоечкиот број на курдски емигранти во Германија, Холандија, Данска, Шведска, Швајцарија значително се зголеми. Курдите како емигранти ги има во Америка и во Канада.

Според проценките на The World Factbook (Извештај на ЦИА)од 2015 година во светот живеат од 30 милиони, а Курдскиот институт во Париз во 2017 година проценува 36,4-46.5 милиони.




**Графички приказ – 1**

**Графичкиот приказ на курдско население е според The World Factbook**

## 1.3. Курдски јазик

Курдскиот јазик припаѓа на северо-западната подгрупа на иранските јазици, кои пак од своја страна принадлежат на индоиранските јазици, кои се клон на индоевропските јазици. Многу Курди зборуваат двојазично, при што освен курдскиот јазик ги зборуваат и јазиците на соседните народи како арапски јазик, турски јазик, персиски јазик.[15]

Курдските Евреи и некои курдски христијани обично зборуваат на арамејски јазик. Арамејскиот е семитски јазик кој е поврзан со хебрејскиот јазик и арапскиот јазик.

Според Енциклопедија Британика, курдскиот јазик се дели на две основни групи.[16]

- Курмаџински дијалект
- Орански дијалект

[15] The correlation Between Languages and Genes: The Usko-Mediterranean Peoples, Human Immunology, vol. 62, p.1057, 2001
[16] Kurdish language. Encyclopædia Britannica

и неколку други дијалекти:

- Керманшашки
- Леки
- Гурани
- Заза

Некои податоци пишуваат дека Заза и Гурани би требало да се сметаат за посебни видови јазици, кој што имаат голем број на зборови од курдскиот јазик.[17]

Како коментар за разликите помеѓу дијалектите, Крејенброек појаснува дека по некои односи, курманџискиот дијалект и соранскиот дијалект се сосема два различни јазици од курдскиот.

### 1.4. Курдското знаме



**Слика- 1 : Знаме на Курдистан**

Знамето на Курдистан (на Курдски: Alaya Kurdistane или Ala Rengin)е знаме кое ги претставува Курдите, а има официјална употреба во Северен Ирак од страна на Курдската регионална управа.

[17]Philip G. Kreyenbroek, Stefan Sperl, "The Kurds", Published by Routledge, 1992. и
McKenzie, D. N. (1961) ‘The origins of Kurdish’, in Transactions of the Philological Society: 68 - 86

Знамето го сочинуваат курдските национални бои. Во позадина се 3 (три) паралелни еднакви линии кои се подредени во следниот редослед црвена, бела и зелена, а во центарот врз нив е позиционирано сонце со 21 краци (Рож) обоено во темно жолта боја. Бројот 21 е респектабилен број во древната курдска религија –**јаздизам** кој симболизира повторно раѓање.[18]

Обликот и боите на знамето за прв пат е прогласено за национално знаме во 1920 од страна на Курдското друштво за социјална организација (**Teşkilat-ı İçtimaiye Cemiyeti)**.[19]

Зинар Силопа Доза во својата книга „Курдистан“ ќе ја сподели следната информација „Од страна на Друштвото за социјална организација -(**Teşkilat-ı İçtimaiye Cemiyeti**) се идентификувани националните бои на Курдското знаме и неговата форма кое е составено од три бои подредени првично црвена, на средина бела а врз неа сонце и долу зелената боја и истото е прогласено за национално знаме.

Боите на знамето и сонцето си имаат своја симболика и значење при што црвената боја ја означува пролеаната крв и револуцијата, белата боја означува мир, зелената ја означува плодната почва на Курдистан и Месопотамија, а сонцето е симбол кој потекнува од Зороастризмот, древната Курдска религија.

---

[18]*Dr. M. R. Izady. "The National Flag of Kurdistan". Encyclopaedia Kurdistanica. 27 ноември 2007*
[19]Zinnar Silopi, Doza Kürdüstan, 1969, Beyrut, Stewr Basımevi, Sayfa:60

# Глава II:
# ДЕФИНИРАЊЕ НА КУРДСКОТО ПРАШАЊЕ

За да се анализа и разбере Курдското прашање кое што од ден на ден добива се поголемо внимание од меѓународната заедница, а врз кое прашање тактизираат големите геополитички играчи потребно е да се разгледаат историските факти и договори кои допринеле за да ова прашање ја добие денешната димензија.

Генезата на Курдското прашање на меѓународната сцена започнува на почетокот од XX век во текот на Првата светска војна кој е одбележан со Договорот Сајкс-Пикот во 1916 година, Меморандумот за барањата на курдскиот народ од 1919 година, Севрскиот Докоговор од 1920 година и Лозанскиот мировен договор од 1923 година.

## 2.1. Договорот Сајкс-Пикот

Во текот на Првата светска војна, 17 дена после првата битка кај Кут на Ирачкиот фронт каде Британските сили се поразени од страна на 6-тата армија на Отоманската Империја, на 16 мај 1916 година е направен таен договор помеѓу Франција и Британија за поделба на територијата на Отоманската Империја и редефинирање на границите. На овој таен договор во месец октомври 1916 година се приклучува и тогашното Руско Царство.

Најголем допринос за да се случи овој договор имаат дадено францускиот дипломат Франсоа Жорж Пикот и англискиот писател, дипломат, војник и патник Сер Марк Сајкс кој што четири години работел во амбасадата во Истанбул.

Според овој договор потпишан со одобрение на Русија е определено долунаведеното:

- На Русија ќе и биде доделен, Трабзон, Ерзурум, Ван и Битлис и дел од Југоисточна Анадолија,
- На Франција ќе и биде доделен Источен медитерански регион, Адана, Антеп, Урфа, Мардин, Дијарбакир, Мосул и Сирискиот брег,

- На Британија ќе и бидат доделени пристаништата Хаифа и Акка, Багдад и Басра и Јужна Месопотамија,
- Една арапска држава ќе биде формирана под контрола на конфедерацијата на арапските држави или на француската и британската територија во земјите што ги добиле Франција и Велика Британија,
- Искендерун ќе биде бесплатно пристаниште,
- Во Палестина ќе биде формирана меѓународна администрација бидејќи е свето место.

По Руската револуција во 1917 година, Русија се откажува од договорот и споделувањето, а Троцки објавувајки копија од овој таен договор на 24 ноември 1917 година во весникот "Известија" ќе ги обелодени тајните планови за расцепувањето на Отоманската Империја.[20][21]




**Картата - 2**

Карта – 2 ја прикажува предвидената поделба на територијата на Османлиската Империја според договорот Сајкс- Пикот од 1916 година

[20]Al-Jazeera - A century on: Why Arabs resent Sykes-Picot
[21]John Quigley - The Statehood of Palestine: International Law in the Middle East Conflict, s.15

И покрај спогодбата Сајкс-Пикот, Британците сè уште се чинеше дека го поддржуваат арапското самоопределување на почетокот, помагајќи им на Хусаиновиот син Фајсал и неговите сили да стигнат во Сирија во 1918 година и да формираат влада во Дамаск.

Меѓутоа, во април 1920 година, сојузничките сили се согласија да го поделат управувањето со регионот на посебни мандати од "А" класа на Конференцијата на Сан Ремо, по линиите слични на договорените според Сајкс-Пиковиот договор. Границите на овие мандати ги поделија арапските земји и на крајот доведоа до модерни граници на Ирак, Израел и на палестинските територии, Јордан, Либан и Сирија.

И покрај тоа што границите на мандатите не беа определени неколку години по договорот на "Сајкс-Пикот", фактот што договорот ја постави рамката за овие граници поттикна долгорочна незадоволство и во 21-от век. Пан-арапите се спротивставија на поделба на претежно арапските територии во одделни земји, за кои тие сметаа дека се малку повеќе од империјалистички наметнувања. Покрај тоа, границите ги поделија другите соседни популации, како Курдите и Друзите, и ги оставија како малцински популации во неколку земји при што целосно ги лишеа своите заедници за самоопределување.

Моменти на политички превирања често се среќаваа со декларации за "крајот на Сајкс-Пикот", како што е формирањето на регионалната влада на Курдистан во Ирак во 1992 година или подемот на Исламската држава во Ирак и Левант (ИСИЛ) во 2014 година[22].

## 2.2. Меморандумот за барањата на курдскиот народ од 1919 година

Во Првата Светска Војна, Османлиската Империја е на страната на Централните сојузници кои се губитниците на војната и е приморана да присусвува на Париската мировна конференција каде ќе треба да ја прифати судбината која ќе и биде скроена од страна на тројната Антанта.

[22] https://www.britannica.com/event/Sykes-Picot-Agreement

На Париската мировна конференција на 16 Јануари 1919 година Шериф Паша е еден од членовите на Османлиската делегација, но на првата седница тој изјавил дека си поднесува оставка од Османлиската делегација и истакнал дека на состаноците ќе присуствува како претставник на Курдите и Курдистан, а не на Османлиите.

На конференцијата започнал со серија на преговори во кои позитивно влијаел врз присутните делегати, а на полза на курдскиот народ при што главна тема на разговор било признавањето на правата на Курдите, нивната слобода и барањето за независност по примерот на останатите новонастанати држави.

На 22 март 1919 година во Париз, Шериф Паша во својство на Претседател на Курдската делегација е потписник на „Меморандумот за барањата на курдскиот народ“ од каде што може да се согледа неговото сеопфатно размислување и визионерство за Курдистан кое оставило траг во историјата.

Во овој меморандум се наведува територијата на Курдистан како и историското минато на Курдите на оваа територија при што е запишано:

*„Границите на Турски Курдистан (Северен Курдистан) од етнографска гледна точка започнуваат: на север кај Зивен,на границата на Кавказ и продолжува на запад до Ерзурум Ерзинџан, Кемах, Арабкир, Бехисми и Дивиџик; на југ ја следи линијата на Харан, Синџихар, Тел Асраф,Ербил, Керкур, Сулејмание, Акк-ел-ман, Синна; на исток Равандиз, Баш-кале, Визир-Кале,што е всушност границата на Персија до планината Арарат.*

*Од далечните историски периоди, овие територии биле населени од Курдите кои се воделе под различни имиња но последните 1.300 години се под името Курдистан.*

*До времето на доброволно потчинување кон султанот Селим Први, Курдистан беше составен од 46 независни кнежевства: Диербакир, Динвер , Чари, Лер,Ардиал Хаккри, Емадиа, Куркел, Финџк, Хассан, Ќеф, Чемуш, Гуерзек, Мирдаси, Екил, Сасоур, Хезан, Килис, Шеруан, Дерзини, Ердикан Хак,*

*Теркуел,Суеjди, Силеjмание, Сахран Калаи, Даоуд, Пелинкан, Битлис, Гарзан, Бухтан и др. беа под власт на овие кнежевства.“.*[23]

Напорите и дејствувањето на Курд Шериф Паша вродиле со плод со подготвување и потпишување на Договорот од Севр на 10 Август 1920 година каде што се предвидени етапите за формирање на независен Курдистан. Признавањето на курдските национални права како и членовите кои директно ги засегаат Курдите биле определени во овој договор според желбите на Курдите и истакнатите ставовите на Курд Шериф Паша.

## 2.3.ДОГОВОРОТ ОД СЕВР

По Парискатa мировна конференција во 1919 година организирана од страна на победниците на Првата светска војна за да се воспостави мировен договор меѓу Сојузничките сили и поразените Централни сили на 10 Август 1920 година во Севр е потпишан Договор за мир помеѓу сојузничките и здружените сили и Турција.

Договорот е потпишан помеѓу Главните Сојузнички Сили и тоа Британската Империја, Франција, Италија и и Ерменија, Белгија, Грција, Хеjаз, Полска, Португалија, Романија, СХС и Чешко-Словачка, кои се наведени како сојузничките сили, од едната страна и Турција од друга страна.

Во третото подглавје од Договорот од Севр под наслов „Курдистан “ се наведени три члена и тоа член 62,63 и 64.

Во ова подглавје е наведено дека Комисија со седиште во Константинопол (Истанбул) која се состоела од тројца членови од британската, француската и италијанската влада и која Комисија пред шест месеци од влегувањето на сила на овој Договор има изготвено шема за локална автономија за претежно курдските области што лежат источно од Еуфрат, јужно од јужната граница на Ерменија, како што може понатаму да се утврди, и северно од границата на Турција со Сирија и Месопотамија.

Изготвената шема содржи целосни заштитни мерки за заштита на Асиро-Халдејците и другите расни или верски малцинства во овие области и со ова Комисија составена од британски, француски, италијански, персиски и курдски претставници ќе го посети местото за да ги испита и да одлучи дали

[23]Memorandum on the Claims of the Kurd People - Serif Pasa 1919

има и доколку има да се направат корекции на турската граница, каде што, според одредбите на овој Договор, таа граница се совпаѓа со онаа на Персија.

Во договорот турските власти се обврзуваат да ги прифатат и извршат одлуките на горенаведените две комисии во рок од три месеци од нивното соопштување.

Во член 64 од овој Договор е наведено дека доколку во рок од една година од влегувањето во сила на овој Договор, Курдскиот народ во областите дефинирани во член 62 ќе се обратат до Советот на Лигата на народите на начин што ќе покаже дека мнозинството од населението во овие области сака независност од Турција, и ако Советот смета дека овие народи се способни за таква независност и препорачува да им биде доделена. Турција се согласува да ја изврши таквата препорака и да се откаже од сите права и права во овие области. Деталните одредби за таквото одрекување ќе бидат предмет на посебен договор меѓу главните сојузнички сили и Турција. Доколку и кога таквото одрекување се одвива, Принципот на сојузничките сили нема да покрене приговор на доброволно припојување кон таква независна Курдска држава на Курдското население на тој дел од Курдистан кој досега беше вклучен во Мосулскиот вилает.[24]

[24] Treaty of Peace Between The Allied & Associated Powers and Turkey Signed at Sevres - August 10, 1920




FIGURE 11. TURKEY IN 1920

Compiled by
Col. Lawrence Martin

**Карта -3**

На карта – 3 се определуваат новите границите на Турција според Договорот од Севр[25]

[25]https://wwi.lib.byu.edu/images/1/14/TreatyOfSevresMapOfTurkey.gif




**Карта -4**

На карта -4 се исцртани границите на Курдистан според Договорот од Севр[26]

Според овој договор е направена поделбата на територијата на Османлиското Царство помеѓу сојузниците, но и покрај големиот губиток на територијата турското јадро се реорганизира и започнува Турското национално движење кое ја предводи Турската војна за независност,а кое движење добива и подршка од страна на курдските аширети кои во тој временски период немаат развиено чувство на припадност на етничката група - Курди.

[26]https://wwi.lib.byu.edu/images/2/22/Treaty_of_Sevres_President_Wilson_Armenian_Boundary.gif

Договорот од Севр кој претставува капитулантски договор за Турците никогаш не бил ратификуван и истиот бил отфрлен од страна на новосоздадената Република Турција.

Во март 1921 година од страна на Британците и Французите предложен е компромис кој што е отфрлен од страна на Турците, при што Мустафа Кемал, подоцна наречен Ататурк кој ја предеводел Турската војна за независност и ги поствил темелите на Република Турција, рекол:

"*Не можевме да се лакомиме дека имало надеж за дипломатски успех додека не го истеравме непријателот од нашата територија со сила на оружјето*".[27]

## 2.4. ЛОЗАНСКИ ДОГОВОР

После прогласувњето на капитулација на Османлиската Империја во Првата светска војна, територијата била окупирана од страна на сојузниците. Но непокорниот ген на Османлиите доведува до отпочнување на Турската војна за независност која трае од 1919 година до 24 јули 1923 година.

Турското национално движење во Анадолија формирало Големо национално собрание на чело со Мустафа Кемал Паша и започнало војување на три фронта против Русите, Англичаните, Французите, грците и Ерменците.

Во оваа војна Турците заштитиле голем дел од територијата, ги протеруваат окупаторските сили и со Лозанскиот мир од 1923-та се става крај на Османлиската Империја, а воедно е ставен темелот на Република Турција.

Разликата помеѓу Договорот од Севр и Лозанскиот договор е тоа што во Договорот од Севр во третото подглавје се наведени термините „Курдска држава", „Курдски народ" и „Курдистан", а додека во текстот на Лозанскиот договор во ниту еден член не се спомнуваат овие термини и со тоа Република Турција делумно ја заштитува територијата и го минимализира ризикот за созавање на нова држава во тој временски период територијата на новосоздадената Република Турција и нејзината државна граница.

Со Лозанскиот мировен договор од 1923 година Репулика Турција ја заштитува и обезбедува територијата која според Договорот од Севр требаше да

[27]https://www.britannica.com/event/Treaty-of-Sevres

биде отцепена и поделена и оневозможува формирање на Курдска држава на територијата на сегашна Република Турција.

## 2.5. ПОЛОЖБА НА КУРДИТЕ ВО ТУРЦИЈА

Со Договорот во Севр (10 август 1920 година), потпишан помеѓу силите на Антантата и представниците на Отоманската империја е поделеана територијата на Отоманската Империја помеѓу Франција , Англија и Иаталија. Со овај договор  на Курдите им била призната автономија, а исто така било предвидено Курдскиот народ после една година да одлучи за својата независност и формирање на своја држава. Но овај договор никогаш не бил ратификуван. Во овај период,  можеби  и клучен за решавање на Курдското прашање, во Турција на политичка сцена настапува Мустафа Кемал Паша подоцна наречен "Ататурк" што во превод значи татко на турската нација.

Ататутк  ја започнауава Турската војна за независност, која траела од 1919 до 1923 година, го отфрла Договорот од Севр, а со новиот договор во Лозана удрени се темелите на новата дежава, Република Турција.

Новата Турска држава за разлика од Отоманската Империја била уредена по примерот на националните држави на западна Европа. Основни постуалати или темелни принципи на новата држава биле: секуларизам, национализам, популизам, републиканизам, етатизам и реформализам.

Во новата Турска држава  немало место за етничките малцинства. Секоја посебна религија или етнички идентитет се сматал опасен за единството и националната сигурност на државата. Паролата која ја застапувал Кемал Ататурк, но и денешните турски политиачари е *„една држава, една нација, едно знаме, еден јазик*",[28] појаснува како функционира и на кои темелни вредности е изградена и опстојува Република Турција.

Турскиот Устав од 1924 година во член 88 нагласува дека "*Сите жители на Турција без оглед на националност и вероисповед се сметаат за Турци*". Врз основа на овај член од Уставот турскиот премиер Исмет Инону во 1930

[28]1924 ANAYASASI,T. Düstur, Cilt 26, s.170, Resmi Gazete 15/1/1945-5905, Kanun No Kanun Tarihi4695 10/1/1945 , член 88

година истакнал дека "*Само турската нација може да ги изрази своите потреби во однос на своите етнички и расни права*".[29]

Со овај Устав им е зададен тежок удар на Курдите и курдското движење во Турција.

Во февруари 1925 година во градовите Дијарбакир, Малатија, Дерсим, Елазиг, Бингол и Муш се крева курдски бунт против Кемалистичкиот систем. Овај бунт познат како Бунт Шејх Саид во кој се креваат Курдите во Турција од страна на властите на меѓународната сцена е претставен како реакционерно движење. [30] Бунтот е задушен после два месеци од неговото кревање во месец април 1925 година при што од страна на турските власти уапсен е Шејх Саид и 47 други водачи на востанието и истите од страна на Источниот Независен Суд се осудени на смртна казна.

После Бунтот Шејх Саид турските власти на чело со Кемал Ататурк ја согледуваат опасноста и ризикот од можните антидржавни курдски движења и во месец септември 1925 години од негова страна е потпишан таен декрет под името „ Декрет за подготовка на план за реформи на Истокот".

Изготвениот „ План за реформи на Истокот" е одобрен од страна на Советот на министри на 24 Септември 1925 година а во него Кемалистите предвидуваат секаков вид на притисок, насилство и системска асимилација а со цел да не се повтори Курдското движење.

По завршување на Втората светска војна, Борбата на Курдите за рамноправност, автономија или независност од страна на Турската власт се поистоветува со ширењето на опасноста од меѓународниот комунизам. Близината на СССР и стравот од ширење на комунистичката револуција во делот каде живеат Курдите во Турција допринело да овај простор биде прогласена за воена зона.

Положбата на Курдите во Турција се подобрува по првите парламенатарни избори во Турција во 1950 годиана, кога еднопартискиот систем е заменет со повеќепартиски. На овие избори победила Демократската партијата на Аднан Мендерес. Под притисок на западните земји новата влада

---

[29]Гордана Синадиновска, Д-р Бранислав Синадиновски, Курдското национално прашање,1983,Скопје, стр. 68

[30]Genelkurmay Belgelerinde Kürt İsyanları-1*, Kaynak Yay., 1992, s.115*

на Мендерес започнала ограничена либерализација на турското друштво, со што се подобрил и културниот и друштвениот живот на Курдите во Турција.
Во состав на Демократската партија дел од курдските интелектуалци се нашле во законодавната и извршаната власт во Турција. Исто така во првите години на новата плуралистичка власт се изградиле голем број на училишта и болници, а исто така подобрена е и патаната инфраструктура на просторот каде живеат Курдите односно на истокот од државата.

Но, сето ова кратко траело. Мендересовата влада во декември 1959 година, затвара 49 курдски интелектуалци поради подржување на Муса Антеп кој во весникот „Напреден Дом" објавил курдска песна со наслов Кимил (Qimil) при што на товар им се ставило кривичното дело сепаратизам а операцијата е позната како „Случај 49".

По државниот воен удар од 27 мај 1960 година на власт доаѓа Комитетот на национално единство кој Комитет како прва одлука воведува турцификација или измена на топонимите на градовите и селата каде живееле Курдите. Исто така, донесен е Закон за раселување на сите Курди чии активности се штетни за националните интереси при што во Сивас интернирани биле 483 курдски интелектуалци и се спроведува асимилација.

Употребата на курдскиот јазик била строго забранета. Само Курдите кои го прифатиле турскиот идентитет можеле да учествуваат во политичкиот живот на Турција. Со ова Република Турција ги прекршува човековите права и од позиција на моќ дејствува врз курдскиот етникум кој живее во рамките на државната територија но целта не се постигнува, напротив револтот од страна на курдското население се повеќе расте и доведува до нивно сплотување, а со цел добивање на поголеми права во државата.

Свесни дека неможат да го уништат националниот идентитет на курдската задница, турските владејачки кругови донеле мерка за враќање на поголем дел од раселените курдски семејства во поранешните нивни домови. Кон крајот на јуни 1965 година на тајна седница на турската влада било разгледувано курдското прашање. На оваа седница биле донесени мерки за подигање на културниот и економскиот живот на источните вилаети, а со цел Курдите во Турција да се држат понастрана од Курдските ослободителни

движења во соседните земји (Ирак, Иран и Сирија).[31] Во исто време биле објавена курдската граматика и Курдско-Турски речник, а и неколку двојазични весници (Dikle ve Fırat) и Dengê.

Од пролета 1969-та до летото 1970-та година турските власти ја допуштиле активноста на младинската организација – Револуционерни културни огништа на истокот (Курдистан) во која членувале курдски студенти со различна идеологија кои се бореле за рамноправност на младите и жените.

Повторно, периодот на релативен мир помеѓу двете етнички заедници како и во предходните години траел многу кратко. Непосредно по државниот удар од 12 март 1971 година каде што е срушена владата на премиерот Суљеман Демирел, биле донесени одлуки за распуштање на сите здруженија и организации на младината и студентите.

Турската работничка партија била обвинета за "прокурдска сепаратистичка активност". Репресијата врз курдската заедница и турската левица траела до новите законодавни избори кои се одржале во октомври 1973 година на кои за нов премиер бил избран Булент Еџевит, кој со цел да ја смири ситуацијата во државата веднаш објавила јавна амнестија.

Благодарејќи на по либералната политика на новата влада, се зголемила миграцијата на Курдите од село во град, но исто така се зголемил и бројот на високо образовани припадници на курдската заедница.

Во овај период Курдите успеваат да се реорганизираат и по прв пат да создадат сопствени партии, кој на усвоената марксистичка идеологија од страна на Турската работничка партија и додале една национална димензија-Ослободување на Курдистан. Во овај период (1978 година) е формирана Курдка партија во турција, Курдската Работничка Партија– ПКК (курдки-PartiyaKarkerên Kurdistanê) од страна на курдските студенти предводени од Абдулах Оџалан познат по прекарот АПО, која е признаена како терористичка организација.

ПКК е марксистичко-ленинистичка партија која во својата програма и цел се залага за автономен Курдистан, но и за културни и политички права на Курдите во Турција. Во своето делување ПКК применува терористички методи и герила акции врз војската, полицијата и државните институции во регионите каде живее курдското население како и терористички акти врз цивилното

[31] Yeğen, Mesut. (1999). Devlet Söyleminde Kürt Sorunu, İstanbul: İletişim Yayıncılık ст. 163

населени. Партијата се залага за единство на Курдскиот народ на географската област Курдистан која опфаќа дел од територијата на Турција, Сирија, Ирак и Иран.

После државниот удар (12 септември 1980 година), многу истакнати курдски политичари и интелектуалци ја напуштаат Турција со цел да го реорганизираат курдското движење во Западна Европа и Средниот Исток, а ПКК е организатор на бројни демонстрации против таканаречениот нови режим на чело со генералот Кенан Еврем.

Со нападот на две жандармериски станици во Сиирт и Хакари во 1984 година започнува еден нов начин и период на делување на ПКК во Турција. Овај переиод има карактер на граѓанска војна во градовите и местата каде живеат Курдите во Турција. Начинот на делување и тактиката која ја применуваат членовите борците на ПКК против Турската армија и безбедносните сили на Турција имал карактер на герилска војна.

Во близина на границата на Турција со Сирија и Турција со Ирак никнале бројни кампови во кои се обучувале идните борци на ПКК. Во зависност на која територија биле овие кампови (Сирија или Ирак), ПКК била поддржувана и помагана од режимот на овие земји. Поради бројните напади во кои жртви биле цивили, ПКК од меѓународната заедница е прогласена за терористичка организација.

Засиленото присуството на Турската армија во Југоисточна Анадолија и бројните операции кои ги изведува армијата против пара милитарните формации на ПКК во овие делови на Турција ја отежнувале можноста за преговори на Турската власт и Курдските лидери.

Сепак во 1992 година со цел да се намали бројот на жртви на двете страни и обид да се стави крај на непријателствата, Оџалан понудил преговори. Преговорите оделе во правец на признавање на автономија на Курдите во Југоисточна Турција, а за возврат ПКК требало да се откаже од формирање на независна Курдска држава. Преговорите завршиле со неуспех, а борбата продолжила со уште поголем интензитет.

Потребно е да се нагласи дека Турската армија која тогаш и денес важела за една од најбројните и најспремните армии на НАТО после армијата на САД и тогаш и денес не успеала да ја најди правата стратегија и тактика за борба со парамилитарни формации на ПКК. Со расселување на цели села и области,

државата правела обиди да ја намали логистичката подршка на ПКК. Во овај дел на Турција формирани се и посебни единици како селска полиција и селстки стражи кои заедно со турската армија се бореле против курдските борци. Се проценува дека во конфликтот кои сеуште трае до денес на двете страни погинати се повеќе од 40 иљјади лица и тоа припадници на безбедносните сили на Република Турција, цивили и терористи – припадници на ПКК.

Останатите партии на Курдите во Турција за разлика од ПКК се залагаат за федерализација на Турција, во која Курдите како народ би добиле повисок степен на автономија и унапредување на нивните права. Како кон крајот на минатиот век на парламентарните изборите организирани во 1991 година Прокурдската Работничката Народна Парија –ХЕП (**Halkın Emek Partisi**) по добиените 18 места во парламентот во 1993 година била забранета.

Во однос на поддршката која ја добивала ПКК и останатите партии на Курдите во периодот после 1990 година може да се каже дека, најголема поддршка се добивала од Сирија, а после 2008 година и нарушените Турско – Израелски односи, Курдите ја имаат и Израелската поддршка.

До 1999 година седиштето на ПКК и нејзиниот лидер Оџалан било во Сирија. Под притисок на Турција, Сирија го протерува Оџалан кој истата година од страна на Турската разузнавачка служба МИТ е уапсен во Кенија (предходно бил во бегство во Русија, Италија и Грција) и истиот е префрлен во Турција. Во судскиот процес во кој е обвинет Оџалан за лидер на терористичката организација ПКК е осуден на смрт, но смртната казна не е изведена. Поради членство во ЕУ, Република Турција на 15 јануари 2003 година е потписник на Европската Конвенција за Човекови Праваи во 2004 година со уставни измени ја укинува смртната казна, па така на Оџалан му е изречена казна “доживотен затвор“.

Со доаѓањето на Реџеп Таип Ердоган на премиерската позиција во Турција во 2003 година и неговата реформаторска политика со цел Турција да влезе во Европската Унија, дошло и до промена на односот од страна на турските власти кон курдската заедница.

Владата на Реџеп Таип Ердоган ги унапредува правата на Курдите при што им одобрува формирање на телевизија на курдски јазик во склоп на државната телевизија. Исто така, дозволено е образование на курдски јазик.

Но сето ова е привидно. И едната и другата страна периодот на примирје го искористиле за подобра подготовка. Во овај период Турската армија се реорганизира и на просторот на југоисточна Турција воведува борбени единици со професионален состав (предходно во армијата биле регрути), додека ПКК овај период го користи за обука на своите идни борци и набавка на оружје.

Во март 2013 година, по три децениския воен конфликт од страна на лидерот на ПКК Абдулах Оџалан е побарано примирје со Турција. Турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган работел директно со Оџалан за да го добие овој повик за мир но исходот нема вродено со плод.

На парламентарни избори одржани во месец ноември 2015 година Прокурдската Демократска Партија на Народите (HDP-**Halkların Demokratik Partisi**) освоила 59 мандати со освоени 10,55% од гласачите односно со освоени 5.691.737 гласа „за“.[32]

Во 2016 година 9 пратеници и 68 градоначалници на оваа партија се уапсени а потоа е уапсен и лидерот на партијата Селахаттин Демирташ и Фиген Јуксекдаа при што се обвинети дека формирале организација со цел да извршат кривично дело, поради учество во терористичка организација и поради учество на вооружена терористичка организација.[33]

На последните парламентарни избори одржани во 2018 година Демократска Партија на Народите (HDP-**Halkların Demokratik Partisi**) има освоен 65 мандати[34] со освоени 11,70% од гласачите односно со освоени 5.866.309 гласа за со што се забележува нивниот напредок на политичката сцена во Турција, а со тоа се докажува зголемената подржка на курдскиот етницитет према прокурдската партија.

Овие последни настани укажуваат дека и денес Председателот на Турција и Турската влада, спроведуваат репресивна политика спрема Курдскиот народ во Турција.

Денес Курдите како најголема етничка заедница во Турција живеат во 15 провинции во Југоисточна и источна Турција.

Според турски извори Курдите во Турција ги има околу 12,6 милиони или околу 15,7 % од вкупниот број на население на Турција.

[32] https://www.sabah.com.tr/secim/1-kasim-2015-genel-secimleri/
[33] http://www.milliyet.com.tr/hdp-li-vekiller-hakkindaki-siyaset-2689483/
[34] https://www.tbmm.gov.tr/develop/owa/milletvekillerimiz_sd.dagilim

Според анализите на ЦИА бројката на Курди во Турција изнесува 14 милиони или околу 20% од вкупниот број на население на Турција.

### 2.5.1. КУРДСКАТА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПКК (Partiya Karkerên Kurdistanê), терористи или борци за човекови права?

Еволуцијата на курдскиот национализам доаѓа заедно со различни компоненти. Овие компоненти го одразуваат општиот тренд на временскиот период помеѓу 1923-1990 година. Конард Хиршлер укажува дека трансформацијата на компонентите од верските врски во 1920-тите и 1930-тите, на класните компоненти во 1960-тите и 1970-тите и конечно на етничките врски во 1990-тите ја сумираат целата авантура на курдскиот национализам.[35]

Според некои „Курско прашање“, а според други „Југоисточно прашање“, започнува со вооружено востание во 1984-тата година кое е причина за изгубени животи на 32.500 членови на ПКК, 6250 војници, полицајци, наставници, доктори и државна претрпена загуба од 400 милијарди турски лири, а на кој проблем на почетокот се гледа како политички но од ден на ден претставува се поголем социјален проблем.[36]

Темелот на терористичката организација ПКК датираат од почетокот на 1970-тите. Подготовките се состоеле во убедување на студентите сместени во домови и куќи, а кои биле од истокот и од југо-источна Анадолија доброволно да учествуваат во организацијата која ќе се оформи со цел стварање на независна Курдска држава. Абдулах Оџалан ги убедувал дека единствениот начин за да се успее во каузата е со помош на формирање на тајна организација.

Во 1974 година во Анкара – Тузлучајир од стана на Абдулах Оџалан, Ќесире Јилдирим, Хаки Карање, Џемил Бајик, Кемал Пир, се поставени темелите на терористичката организација ПКК.[37]

Во 1975 година од страна на Абдулах Оџалан и Мехмет Хајри Дурмуш е напишана нацрт програмата на терористичката организација на 68 страни под наслов „Патот на Курдската Револуција“.[38]

---

[35]Konrad Hirschler, “Defining the Nation: Kurdish Historiography in Turkey in the 1990’s”, Middle Eastern Studies, Jul 2001,37,p. 146

[36] Bulaç, A. (2010), Kürtler Nereye?, İstanbul: Çıra Yayınları.2010,ст.27

[37] Bal, Mehmet Ali (2003). Savaş Stratejilerinde Terör. İstanbul: IQ Kültür Sanat Yayıncılık,2003, ст.84

Според разознавачките извештаи, Абдулах Оџалан е роден во 1947 година во село Омерли, општина Халфети – Шанлиурфа, од мајка турчинка, а татко сириски Ерменец. Вистинското име му било Антин Апосјан кое не го користел за да потоа го смени. Оџалан во 1969 година завршил Катастарско Средно Стручно училиште и првично започнал со работа во катастарот во Дијербакар, а потоа во Истанбул. Во Истанбул се запишал на Правниот факултети со тоа го пролонгирал служењето на задолжителен воен рок. Истиот направил премин на Факултетот за политички науки при Универзитетот Анкара и се преселил во Анкара.[39]

Во првата етапа ПКК се насочила кон идеолошко обучивање на кадарот кој ќе војува и кон дефинирање на Курдистан. Гледиштата на организацијата се објавувале во списанијата “Serxwebun” и „Разбирање на правиот пат“. Според документацијата на организацијата првиот напад е извршен во 1979 година во Сиверес врз важен племенски лидер и пратеник од редовите на Партијата на правдата Мехмет Џелал Буџак. Џелал Буџак бил лесно ранет но во нападот бил убиен неговиот осум годишен син.[40]

Во фазата на создавање на ПКК, после неколку претходно одржани состаноци на 27 ноември 1978 година во селото Фис, во општината Лиџе-Дијербакир, во куќата на Сејфеттин Зухур, одржан е состанок на кој присуствувале 25 души. На овој состанок е формирана Курдската работничка партија (Partiya Karkerên Kürdistan-PKK) и овој состанок е познат како прв конгрес на организацијата. Во согласност донесените одлуки на овој конгрес е објавена војна против безбедносните структури на државата и разузнавањето, Турските национални организации, влијателните луѓе од источна и југоисточна Анадолија, пратеници, градоначалници и племенските лидери.[41]

Главната цел на ПКК е предводење на борбата за Курдистан во Турција, во Ирак, Иран и Сирија, Курдската територија да биде завземена од страна на Курдите кои што живеат на тие области и на Истокот и Југоисточна Анадолија

---

[38]Tekin, 1999: 108 TEKİN, Arslan, İmralı’daki Konuk (Cilt 1), Tutibay Yüksek Öğretim Yayınları, 1999

[39]Tuğ, 2010: 53-55Tuğ, Baki (2010). Apo’dan Barzani’ye Terör ve Açılım. İstanbul: Boğaziçi Yayınları
[40]Birand, 1992: 92-109Birand, Mehmet Ali (1992). Apo ve PKK. İstanbul: Milliyet Yayınları
[41]Tuğ, 2010: 55-58 Tuğ, Baki (2010). Apo’dan Barzani’ye Terör ve Açılım. İstanbul: Boğaziçi Yayınları

и во Турција да се формира Независна Обединета Курдска држава врз основа на марксистичко-ленинистички принципи.[42]

The World Factbook ги идентификува целите и областите на делување на Курдската Работничка Партија (ПКК) која е дефинирана како терористичка група. Имено, целите на ПКК се унапредување на Курдската автономија, политички и културни права во Турција, Иран, Ирак и Сирија, а области на делување се претежно на југоистокот. Примарни цели на групата се владиниот, воениот и безбедносниот персонал. Мнозинството членови на групата се во Турција составени од турските Курди заедно со Курдите од Иран, Ирак и Сирија. Групата е забранета во Турција.[43]

Во раните 90-ти години, ПКК се вклучи и во урбаниот тероризам. Турските власти го уапсија нивниот водач Абдула Оџалан во Кенија, а турскиот суд го осуди на смртна казна. Оџалан од затвор предложи "мировна иницијатива", наредувајќи на членовите да се воздржат од употреба на насилство и да се повлечат од Турција, а од официјална Анкара побарал да се преговара за крдските прашања. Во јануари 2000-тата година ПКК се согласи да ја поддржи иницијативата на Оџалан и се обидува на нов политички начин да ги оствари правата на Курдите.

Цели на нападите на ПКК се турските безбедносни сили во Турција, како и дипломатските и комерцијални турски претставништва во западна Европа. Во обид да се наштети на турската туристичка индустрија, ПКК вршеше бомбашки напади во туристичките места во Труција. ПКК има околу 5 илјади членови кои се лоцирани во северен Ирак, а има уште илјадници симпатизари.

Курдистанската работничка партија има финансика помош од подржувачите од Сирија, Ирак и Иран како и од шверцот на нафта, наркотични droги и цигари а исто така ПКК има подржка и од надворешни центри на моќ.

Но се поставува прашањето дали членовите на ПКК се терористи или се борци за човекови права.

Глобалниот светски проблем со кој се соочуваат сите држави на Земјината топка и на кој не е имуно ниту едно општество е тероризмот. Во современиот свет, тероризмот како еден од облиците на насилство се повеќе ја загрозува како внатрешната, така и меѓународната безбедност. Имено,крајот на

[42] Denker, M. Sami. (1997). Uluslararası Terör Türkiye ve PKK, İstanbul: Boğaziçi Yayınları1997,ст. 63
[43]https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/tu.html#field-anchor-terrorism-terrorist-groups-foreign-based

XX и почетокот на XXI век ќе бидат запаметени по огромната експанзија на тероризмот, поради бројните жртви и големите материјални разорувања.

Тероризмот низ историјата бил пристурен во сите епохи на човековото постоење. Современиот тероризам нагла експанзија доживува између 1950 и 1970 година, кога примената на насилството била во политички цели или за подигнување на друштвената свест така што тероризмот станал популарна стратегија.

Денеска тероризмот ја разорува современата цивилизација, предизвикувајќи големи потреси во меѓународните односи. Затоа секоја земја има обврска да се бори против тероризмот како едно од најголемите зла на денешницава.

Тероризмот најчесто се поистоветува со теророт, што во политичка смисла подразбира насилство заради заплашување и кршење на отпорот на противникот. Сличноста меѓу овие две појави е таа што жртвите најчесто се невини лица и во двата случаи се настојува да се предизвика страв и тоа не кај жртвите, туку кај друштвената група на која жртвата и припаѓа.

Кога станува збор за терористичките организации, треба да имаме во предвид дека од ден во ден расте бројот на поединци, но и организации кои се подготвени да извршат терористички напад. Крајот на XX век е карактеристичен како период во кој започнува регрутацијата на терористи низ целиот свет но најголемото жариште е Средниот Исток каде и дејствува Курдската работничка партија - ПКК.

Во светот не постои унифицирана, единствена дефиниција за тоа како да се дефинира терминот тероризам. Иако зборот е комплексен по своето значење, одредени дефиниции се фокусираат на актерите на тероризмот, додека останатите се фокусираат на терористичките тактики и цели, како и методите кои се применуваат. Со цел да се гонат овие видови на терористички акти или да се направи од вооружените и други форми на насилство и криминал, националните и меѓународните институции, како и останатите структури, од пред извесно време бараат да се дефинира поимот тероризам.

Една од најчесто користените дефиниции произлегува од правните акти од САД. Според законот во САД, заканата од тероризмот е вграден условно во Годишниот извештај кој треба да биде поднесен од страна на државниот секретар до Конгресот секоја година. Тероризмот е дефиниран на следниот

начин: „претходно планирано, политички мотивирано насилство извршено против невоени цели од страна на суб – национални групи или тајни агенти.[44]

Терминот "меѓународен тероризам", значи тероризам во кој се вклучени граѓани или територија на повеќе од една земја, додека пак "терористичка група" значи било која група која извршува или има поголем број подгрупи кои изведувааат меѓународен тероризам.

Домашниот тероризам е веројатно поширок феномен од меѓународниот.Во извештајот се вели и дека сите оние кои се припадници на етнички, религиозни, националистички, терористички групи не мора да се терористи.

Терористите претставуваат мал број предадени, најчесто фанатични индивидуалци во ваквите групи. Терористичките акти пак се дел од поголемиот феномен на политички инспирирано насилство и честопати линијата меѓу нив е тешко видлива. Основни и неразделни елементи на тероризмот се идеологија, организација и насилство.

Главната цел на тероризмот е да се привлече внимание за некој случај или политички спор. Ова "внимание" се постигнува како резултат на чиновите на насилство со што во општеството се создава страв од теророт. Целта е преку нелегитимни средства да се постигнат политичките и економските посакувања, уценување на властите и заплашување на народот. Целите и стратегиите на теророт паралелно се развиваат со технолошкиот развој и напредокот на социо – економската структура.

Во опшествата каде што теророт врши уништување, верската и расната идеологија, економската и социјалната структура се користитат како алатка и на тој начин ги создава своите финанските извори. Обезбедените финансиски ресурси не се само од тесниот простор на кој се дејствува туку финансирањето на тероризмот излегува од границите и добива интернационална димензија.

Но ова е теоретскиот дел, а праксата во денешното опшество е видоизменета и модифицирана. Центрите на моќ со цел да создадат нов светски поредок, а со тоа директно менувајќи ги судбините на народите и државите кои се таргет група често играат на картата тероризам, која игра е премногу опасна и многу лесно може да излезе од контрола.

[44]CodeTitle 22, Ch.38, Para. 2656f(d)

Терористичките групи кои го уништуваат воспоставениот уставен поредок во дадената таргет држава се создадени, финансирани, вооружани, обучени и се под целосно менторство на центрите на моќ. Со тоа што вообичаено овие терористички групи на меѓународната сцена и се претставуваат како малцинство на кое му се загрозени основните човекови права и истите се претставуваат како борци за човекови права.

Како пример може да се даде Ослободителната војска на Косово – УЧК која според Британика, е милитантска група составена од етнички албанци активна во текот на 1990-тите кои бара независност на Косово од Србија.[45]

Според TRAC, Ослободителната војска на Косово која е главно активна на Косово, Македонија и Албанија кон крајот на 90-тите има добиено поддршка од САД со давање прирачници за воена обука и теренски совети за борба против југословенската армија и српската полиција. Приватниот американски воен изведувач MPRI (Military Professional Resources Incorporated) не само што има обучувано персонал за ОВК, туку и се имаат борено заедно со нив.[46]

Разликата од терорист до борец за човекови права е многу мала и таа линија е многу тенка. Главната суштинска разлика е во перцепцијата на големите светски играчи на меѓународната сцена и нивните интереси и цели. Доколку преовладуваат геостратешките и геополитичките интереси за конфликтната зона голема е шансата да терористите бидат квалификувани како борци за човекови права, а со тоа да се изврши директно влијание врз суверените држави за постигнување на зацртаните цели однадвор.

## 2.6. Положбата на Курдите во Ирак

По завршувањето на Првата светска војна и извршената територијална поделба на Курдистан помеѓу Ирак, Иран, Турција и Сирија, Курдското прашање доби регионален карактер што имаше непосредно влијание врз процесот на формирање на една Курдска нација. Тој процес во секој дел на Курдистан почна одвоено да се развива и да добива своја специфичност. Како што рековме, Курдите поседуваат сопствен јазик, заедничка култура и историја,

[45]https://www.britannica.com/topic/Kosovo-Liberation-Army
[46]https://www.trackingterrorism.org/group/kosovo-liberation-army-kla

имаат прифатено обединувачко знаме, ги има повеќе од 20 милиони па затоа формирањето на своја држава го доживуваат како свое суверено право.

Низ историјата врз Курдите во сите држави во кои тие припаднале вршен е голем терор и обезправување, но Ирак е државата каде Курдите најмногу страдале. Затоа Ирак представува седиште или база на Курдскиот национализам и држава каде Курдите се најблиску до реализација на сонот за независност.

По завршување на Првата светска војна, Велика Британија имала водечка улога во формирањето на Ирачката држава. Но исто така Велика Британија, Курдското прашање го претворила во монета за подкусурување во јакнењето на својата колонијална власт во Ирак. Таа со својата колонијална политика вложувала големи напори за завземање на Мосулската област која е богата со нафта, а за која интерес покажала и Франција. Шпекулирајки на сметка на Курдските национални идеи, британските владеечки кругови, едно време дури ја подржале идејата за создавање „Независен Курдистан“.

Пронаоѓањето на нафта во курдскиот градот Мосул ги променило плановите, така да тогашниот премиер на В. Британија Винстон Черчил во 1921 година ги уклучува Курдите во Арапски Ирак. Новата држава Ирак била составена од, Курдскиот Мосул на Север, со бројно Сунитско население Багдад кој се наоѓал во средишниот дел и Шиитската Басра на југ. Но додека арапските делови на државата ги обединува заеднички идентитет, Курдите не сакаат да имаат никаква врска со новонастанатата држава. Новата Ирачка држава била формирана како хетерогена политичка структура која само на Британците им одговарала.

Во овај период борбата на Курдите била организирана против империјалистичките и колонијалните претензии на В. Британија и Франција. Сите Курдски востанија во Ирак после Првата светска војна под водство на Мухамед Барзани, Ахмет Барани, Халилем Хошава и Мустафа Барзани имале изразито антиимперијалистички карактер. Во 1932 година Ирачката монархија прогласила независност. Новата држава само ја зголемила разликата во развојот помеѓу градовите и селата но и помеѓу Арапите и Курдите. Но по завршување на Втората светска војна, Ирачки Курдистан се претвара во автентичен центар на национален препород на Курдскиот народ.

Благодарејќи на либералната политика на тогашниот Хашемитски режим, Багдад станал главен политички и културен центар на Курдскиот народ. Во овај период биле формирани повеќе курдски здруженија, секој ден се печателе весници на курдски јазик, а се работеле и студии за курдската историја.

Во 1958 година со востание на арапските националисти и дел од воените офицери, соборена е монархијата и владата на Нури ал Саид. Курдите го подржале ова востание па затоа во формирањето на новата државна власт во Ирак и Курдите ја гледале својата можност во однос на своите права , но и во учеството во институциите на новата држава. Овие очекувања биле подкрепени и со некои конкретни мерки кои биле превземени во првите денови на новата држава. Во член 3 од Привремениот устав било истакнато дека „Арапите и Курдите се сметаат за партнери во оваа земја, а нивните национални права во рамките на Ирак се загарантирани со уставот“со што за прв пат Курдите не се претставени како малцинство кое што треба да се заштити тука како „партери“.[47]

Во овај период било одобрено да се печатат 14 Курдски весници меѓу кои: Живот, Сонце, Слобода, Борба и др.

Предводени од Демократската партија на Курдистан (ПДК - Partiya Demokrat a Kurdistanê) и Мола Мустафа Барзани, Курдите активно се вклучиле во остварување на демократските и антиимперијалистички идеали на Ирачката револуција.

Во овај период ПДК се повеќе добива елемент на широка патриотска организација изразувајќи ги националните стремежи на сите слоеви на курдската заедница во Ирак.

Во 1961 година Барзани го напушта Багдад и заминува во Ирачки Курдистан. Поради неисполнување на ветените реформи и подобрување на состојбата на Курдите во Ирак односно неисполнетите ветувања од страна на тогашниот премиер Абдул Касим (Abd al-Karim Qasim), Курдите го креваат првото востание во Ирак. Се покажало дека Ирак неможи да биде истовремено национална арапско-курдска држава, како што тоа го предвидувал уставот во член 2 при што курдскиот интелектуалец Ибрахим Ахмет ќе каже:

[47]HÜRMÜZLÜ, ErÇat, Türkmenler ve Irak, Kerkük Vakfı Yayınları, yer yok, 2003, ст.15

*„Ако Ирак представува дел на Арапската нација, тогаш Ирачкиот Курдистан представува дел на Курдската нација*“.

Во првата Ирачко-Курдска војна загинале помеѓу 75 000 и 105 000 лица. Војната завршила во 1970 година кога е постигнат меѓусебен договор помеѓу представниците на БААС партијата и Курдската Демократска Партија со што на 11 март 1970 година од страна на Садам Хусеим и Мустафа Барзани е потпишана Декларација.[48] Со Декларацијата од 11 март 1970 година , повторно на Курдите им било обетено унапредување на правата како и рамноправност со Арапите во заедничката Република Ирак при што е формирана Автономна област на Ирачки Курдистан. Според договорот автономната област ќе биде во трите општини на северот во Ирак, Суљеманија, Ербил и Дахук која територијасе протега на 37.000 км$^2$. Автономната област ќе ја управува Парламентот со седиште во Ербил а воедно со договорот се унапредуваат и позициите на Курдите во централната власт.[49]

Договорот од 1970 година е поништен од страна на Садам Хусеин и во 1974 година започнала Втората Курдско –Ирачка војна. Но овај пат Ирачките сили брзо ги победиле курдските воени формации, па така војната завршила следната година, поточно 6 мај 1975 година се потпишал Ирачко – Иранскиот мировен договор. Со овај договор Ирак се одрекол од своите територијални претензии према Шат ел Араб, а Иран престанал да ги помага Ирачките Курди, со што на Курдското ослободително движење во Ирак му е зададен тежок удар. Во овај период Џалал Талабани ја создава партијата Патриотска унија на Курдите (ПУК), Расул Махмуд - Социјалистичката партија на Ирачки Курдистан а Махмуд Османи - Курдската демократска партија - Привремен комитет.

Во наредниот период односите помеѓу Арапите и Курдите биле оптеретени со барањето на Курдите за автономија, а било изразено со бунтови и немири кои траеле се до американската воена интервенција во 2003 година.

Како резултат на Алжирдскиот договор Курдското национално движење повторно се најде во длабока поделеност, а поединечните герилски акции превземени во 1983, 84 и 85 година беа недоволни за остварување на идејата за автономија на Ирачките Курди.

[48] https://bianet.org/bianet/siyaset/13689-11-mart-1970-deklarasyonu
[49] http://www.kolkhoba.org/turha446.htm

Исто така треба да се каже дека Ирачко-Иранската осмогодишна војна на Курдите во двете земји им донела нови проблеми и страдања. Иако Курдите оваа војна ја искористија за ослободување на голем дел од Ирачкиот Курдистан, Ирачките сили во 1987 година ја започнале операцијата „Анфал“- воена операција во која учествувале копнените сили, биле извршени воздушни напади, систематско уривање на населби, присилна колективна миграција и употреба на хемиско оружје.[50]

Со цел да се уништат селата во кои живееле Курдите, а кои биле подршка на курдските борци. Во март 1988 година Ирачките воздухопловни сили со хемиски удар го нападнале градчето Халабју во источен Курдистан. Како последица од хемискиот боен отров од труење починале околу 5000 лица, а до август 1990 година, ирачките власти со земја срамниле 4000 од вкупно 4500 села во Ирачки Курдисатан. Исто така со декрет, просторот од 4500 метри квадратни е ставен како забранета зона за живеење. Курдите кои се нашле во оваа зона биле раселени во јужен Ирак, протерани или убиени.

Терминот "Анфал" има свое потекло во една од *шура* или стихови, и алудира на "пленот на светата војна". Се користел од Баатистичката воена механизација и представува серија од осум воени офанзиви што се случиле во ирачки Курдистан на пролет и во лето во 1988 година. За разлика од други воени кампањи, кампањата „Анфал“ против Курдите, како и причината за нејзината озогласеност во надворешниот свет, била систематското користење на хемиското оружје против воени и цивилни цели. Исто така, клуч за уништувањето предизвикано од страна на операцијата „Анфал“ претставува физичко уништување на 3.000 села, раселување на околу 1,5 милиони луѓе. Се проценува дека во операцијата „Анфал“ ( 1987-1990 ) загинале околу 180 000 луѓе.[51]

Заливската војна ги обединила Курдите, Шиитите и останатите етнички групи во заедничка борба против режимот на Садам Хусеин. Во 1991 година, три дена по завршување на заливската војна одпочнало востанието на Шиитите и Курдите. Поради отсуство на Американска подршка, бунтот бил крваво задушен. Како последица на репресиите кои ги превземал Садам Хусеин, околу милион Курди побегнале во Иран, а околу пола милион се упатил спрема Турција. Но

[50] Webster, Paul (Şubat 2009). "Aff an Hamakhan Jafar: treating trauma in northern Iraq". The Lancet (9664 bas.). Cilt 373, ст. 623.
[51] Kerim Yildiz (2004), „The Kurds in Iraq The Past, Present and Future“,страна 25

Турција не им дозволила влез во нивна територија така да бегалските кампови останале на самата граница. Како времето одминувало проблемот со курдските бегалци станувал се покритичен, на околу пола милион луѓе им се заканувала хуманитарна катастрофа.

Со цел да им помогнат на Курдите и да го намалат притисокот према Турција, САД започнува со хуманитарни операција со која ги снабдува Курдите со вода и храна. Оваа хуманитарна акција го створила идниот Курдистан во Ирак, затоа што хуманитарната криза ги натерала САД, Франција и Англија да им створат и обезбедат услови за живот на Курдите во Ирачки Курдистан.

Во подготовката на вториот Ирачко-Американски воен конфликт, Курдите на чело со Масуд Барзани и Џалал Талибани донеле стратешка одлука да ја подржат операцијата на САД против Садам Хусеин.

Садам Хусеин и неговиот режим се срушени на 9 април 2003 година. Американските воени сили заедно со курдските единици влегле во Багдад. По падот на Садам Хусеин, Американската политика проценила дека лесно ќе ја наметнат својата визија за повеќепартиско демократско друштво. Американците верувале дека Ирак повторно ќе се обнови како единствена држава, но Ирак е држава со три познати етнички, односно верски заедници и тоа Шиитски Арапи, Арапи Сунити и Курди кои низ историјата покажале големо неединство.

Формирањето на новата Ирачка држава во стартот станало проблематично. Шиитските религиозни парти и инсистирале на држава - слична на Иранската држава. Курдите барале независност, а доколку тоа не им се одобри прифаќале  да влезат во новата држава а која ќе биди формирана на принципот „лабава" федерација. Сунитсите Арапи барале централизирана арапска држава како во времето на Садам Хусеин, додека Секуларните Арапи барале заедничка држава со дадени одредени автономни права.  Оваа поделеност на клучните актери од кои се очекувало формирање на идната Ирачка држава мудро го користат Курдите. Тие имајќи во предвид дека 1991 година добиле Курдска регионална влада и сопствена војска сета оваа ситуација ја прателе со големо внимание. Со Шиитите формирале сојуз со кои ги задоволиле американските барања за формирање на идната Ирачка армија. Но како што се немало единство за формирање на идната Ирачка држава, така немало единство и помеѓу Ирачките Курди.

По напуштање на Демократската партијана Курдистан од страна на Џалал Талабани, и формирање на партијата Патриотска унија на Курдите (ПУК), Ирачките Курди се поделиле на две страни. Со години КДП на Барзани и ПУК на Талабани меѓу себе се бореле за контрола на курдската популација во Ирак, а од 1994 година ова неединство преминало и во воен судир.

На парламентарните избори во 1992 година во Ирачки Курдистан гласовите се поделиле помеѓу КДП на Барзани која добила апсолутно мнозинство во покраината Ербил и Дохук, а ПУК на Талабани во Суљеманије и Диала. Од старна на Ирачката влада , резултатите на овие избори не биле признати, а како мерка на репресија биле воведени економски санкции во целиот регион каде живееле Курдите. Овие економски санкции ги раскарале курдските партии кои на крајот завршил со граѓанска војна. Во овај меѓусебен судир на една страна се бореле ПУК и ПКК и Иранските сили, а од друга страна КДП заедно со Ирачките и Турските воени сили. Војната завршила 1998 година кога Барзани и Талабани со посредство на САД постигнале службен мировен договор. Со мировниот план било предвидено да се формира Обединет Ирачки Курдистан, но во стварност истата поделеност останала и понатаму. КДП ги задржала североз-ападните покраини Дохук и Ербил , а ПУК југо-источниот дел и Сулејманије.

Во јануари 2005 година одржани се првите демократски избори во Ирак на кои Џалал Талабани постанал прв демократски избран председател. Исто така во 2005 година прифатен е новиот Устав кој произлегол од референдумот со кои Курдистан е признат како прва Ирачка сојузна област со сопствени институции. Со ова се загарантирал секуларниот статут на Ирачки Курдистан, односно овај устав ја институционализирал автономијата на Курдистан. Истата година во Ирачки Курдистан одржан е референдум за независност на кои 98% од граѓаните се изјасниле за независност затоа што не се осеќале како Ирачани. Референдумот е отфрлен и прогласен за неважечки од страна на Ирачката влада, но симбилички е многу важен затоа што Курдскиот народ го искажал своето мислење и дал јасна перцепција во кој правец ќе се движи во наредниот период.

За напоменување е фактот дека по Американската инвазија врз Ирак која започнува на 20 март 2003 година, а трае до 1 мај 2003 година политичката

структура во Ирак се видоизменув а со тоа се видоизменува и позициите на Ирачките Курдите.

Под образложение дека Ирак се уште поседува оружје за масовно уништување и такареченикот режим на Садам Хусеин претставува закана за светскиот мир започнува инвазијата врз Ирак од страна на америчките и британските сили. Додека трае воената инвазија американските и британските сили се подржани од страна на курдските бунтовници на северот од Ирак. После инвазијата врз Ирак од 2003 година започнува златната доба на Ирачкиот Курдски регион.

Во Ирак по падот на Садам Хусеин и режимот на баатистичкото движење под покровителство на САД оформен е Ирачкиот Управен Совет – ИУС (The Iraqi Governing Council - IGC), кој претставува привремена влада на Ирак од 13 јули 2003 година и трае до 1 јуни 2004 година.

Ирачкиот Управен Совет бил составен од различни ирачки и племенски лидери кој претставува мешан состав сочинет од шиити, сунити, Курди и по еден туркменец и асир. Мандадот на претседател на Ирачкиот Управен Совет бил во времетраење од еден месец при што како претседатели на се јавуваат и курдските лидери Џелал Талабани и Масуд Барзани. Поентата на Советот била да обезбеди лидерство за да до јуни 2004 година може да се изврши трансвер на суверената Ирачка привремена влада а потоа да се премине со постојана влада. Администратор на Привремената власт на Коалицијата на Ирак е американскиот дипломат Паул Бремер.

Во овој временски период, поточно од 8 март 2004 година е имплементиран нов Закон за администрација за Државата Ирак кој воедно претставува преоден устав на Ирак и истиот е потпишан од страна на Ирачкиот Управен Совет. Преодниот Устав ја признава сегашната влада на Ирачкиот Курдистан како легитимна влада на Курдите и му овозможува да продолжи да постои во рамките на новата федерална држава при што во законот е предвидено дека официјални јазици на Ирак се арапскиот и курдскиот јазик.

На 30 јануари 2005 година во регионот одржани се три избори и тоа избори за Преодно национално собрание на Ирак, за Националното собрание на Ирак и Курдистан, и за провинциски совети.[52]

[52] *Walker, H.; Clark, T. (2005). "Election in Iraq - 30 January 2005: An Assessment". Journal of Asian Affairs. **36** (2): 182.*

Законот за администрација за државата Ирак за преодниот период ја призна автономијата на регионалната влада на Курдистан за време на периодот меѓу "целосниот суверенитет" и усвојувањето на постојан Устав при што Курдистанската регионална влада има уставно признаена власт над провинциите Ербил, Дахук и Сулејманија.

Активното учество и завземањето на страна на Курдите во воената инвазија врз Ирак од 2003 година која е предводена од страна на САД претставува рационален чекор во обид првично да ги унапредат своите права во Ирак а потоа да дојдат до независност.

Доказ дека завземата страна на Курдите вродила со плод и се сменил текот на политичката сцена во Ирак после воената инвазија е назначувањето на лидерот на ПУК Џалал Талабани за претседател на Ирак кој пример е преседан во историјата на Ирак да еден курдски лидер застане на чело на државата. Неговиот мандат трае од 2006 година до 2014 година при што на негово место доаѓа Фуад Масум кој застанува на чело на државата на 24 Јули 2014 година. Фуад Масум е вториот не-арапски курдски лидер кој ја обавува функцијата Претседател на Ирак, а истиот доаѓа од редовите на ПУК како неговиот претхдоник Талабани. По истекот на мандатот на Фуад Мансур за нов претседател на 02 октомври 2018 година е избран  Бархам Салих кој исто така е не-арапски, курдски лидер.

Покрај зајакнатите курдски позиции во централната власт во Ирак доаѓа и до унапредување на политиките на Курдската регионална управа во северен Ирак.

Во 2005 година од страна на Курдското движење за референдум во Ирак е организиран Референдум за независност на кој што 98,88% од излезените гласачи биле „ЗА", но истиот е не легитимен.

И покрај препораките од светските геополитички играчи да не се одржи Референдум за независност, на 25 Септември 2017 година од страна на Курдската регионална управа во северен Ирак е организиран референдумот за независност. На референдумското  прашањето „Дали саката територија на областа Курдистан и курдските населени места кои се надвор од областа Курдистан да биде независна држава" 92,73%  од излезените гласачи одговориле со „Да".

| Резултати од Референдумот одржан на 25.09.2017 година | | |
|---|---|---|
| | Гласови | % |
| Да | 2.861.471 | 92,73% |
| Не | 224.464 | 7,27% |
| Важечки гласови | 3.085.935 | 92,51% |
| Не важечки и празни гласови | 249,990 | 7,49% |
| Вкупно гласови | 3.335.925% | 100% |
| Регистрирани гласови | 4.581.255 | 72,82% |

**Табеларен приказ -1**

**Приказ на резултатите од Референдимот за независен „Курдистан“**

После спроведениот референдум, Претседателот на Курдската регионална управа во северен Ирак, Месут Барзани почна со подготовките за прогласување на независност, но веднаш после референдумот започнува конфликтот помеѓу ирачките вооружени сили и пешмергите при што на 16 октомври 2017 година Ирачката армија заедно со Хашди Шаби и со помош на некои команданти на Патриотската унија на Курдите изврши инвазија врз Керкур и Синџар и се доближува на 12 км. од Ербил. После овие настани Месут Барзани кој без дозвола на меѓународните геополитички играчи го организираше референдумот за независност најави дека ќе се откаже од дадената функција и со тоа неговата политичка кариера завршува. Под медијаторство на САД започнуваат средби помеѓу Багдат и Ербил а со цел нивно помирување и нормализирање на ново настанатата ситуација.

После една година од референдумот Месут Барзани ќе каже:

„*Во историјата на нашата нација 16 октомври ќе биде запаметен како црн ден. Тој ден надежите на угнетениот народ ќе бидат кукавички предадени*“.[53]

Исто така, тој ќе каже дека со судбината на неговиот народ ќе се одигра без совесна игра со која курдскиот народ добил понижувачки третман.

Денес Курдите во Ирак се свесни дека борбата за формална независност е многу различна. Тие се свесни дека без меѓународна подршка нема да можат да

[53] http://www.rudaw.net/NewsDetails.aspx?pageid=406785

го реализираат својот план за независна држава. Состојбата на Среден Исток секој ден се менува така да независноста на Курдите во Ирак е само прашање на време.

### 2.7. Положба на Курдите во Иран

Распаѓањето на Османлиската Империја и договорот во Лозана, одрециле да Иран постане дом на голем дел од Курдскиот народ, исто како Турција , Сирија и Ирак.

Курдите во Иран иако зборувале сличен јазик на иранците сепак станува збор за две различни групи на народ. Исто така поголемиот дел Курди се сунити додека Иранците припаѓаат на шиитскиот дел на исламот.

По завршуавање на првата светска војна како највлијателен лидер на иранските Курди се појавува племенскиот водач Симко кои бил предводник на бројни востанија. Но неговата борба била без политичка платформа , така да во 1922 година Иран го укинува таканареченото „ Кралство на Симко“ и го започнува походот за задушување на курдскиот револт и подчинување на курдското население. Иранците, Курдите ги третирале како „Иранци без национални и културни традиции“.[54]

Антикурдската шовинистичка политика на Иранската власт се одразила врз традиционалниот начин на живеење на Курдите. Племенскиот начин на живеење и одгледувањето на стока било нарушено, а како резултат на тоа се распаднала родовско-племенската структура. Сето ова го забрзало и процесот на асимилација на Курдскиот народ од страна на владејачките националистички кругови во Иран. Периодот меѓу двете светски војни е карактеристичен по политичката нестабилност и економската криза во Иран. Во 30 тите години на XX век режимот на Реза –шах го намалил притисокот и прогонувањето на курдското население во Иран.

Незавземената и неутрална страна на Иран во Втората светска војна и навлегувањето на Советската армија на Иранска територија, создало поволна клима за зајакнување на Курдското национално-осободително движење. Во овај период повторно се родила идејата за курдска автономија во Иран.

[54]Гордана Синадиновска, Д-р Бранислав Синадиновски, Курдското национално прашање,1983,Скопје, ст.69

Непосредно по завршување на Втората светска војна, со помош на Советскиот Сојуз, на 22 јануари 1946 година е формирана првата Курдска Република со седиште во градот Махабад која воедно е и признаена од страна на Обединетите Нации. Во состав на Новата Курдска Република влегле градовите: Махабад, Бокан, Миандабара, Секеза, Баке и Ушниех. За председател на републиката бил избран Кази Мохамед ( Председател на Демократската партија на Иранските Курди ( ПДКИ). Под водство на Мола Мустафа Барзани биле формирани и вооружени единици кои го штителе суверенитетот и границите на новоформираната Курдска Република.




**Карта-5**
**Карта на Република Махабад**

Обединувајќи ги сите социјални слоеви на курдското население во северозападен Иран, раководствотона ПДКИ спровела многу реформи во регионот каде е формирана Курдската Република Махабад. Во периодот од само една година колку што постоела оваа република биле отворени училишта на курдски јазик, Курдски национален театар, се печателе весници на курдски јазик а на радио се емитувала програма на курдски јазик.

По заминување на Советската армија од Иран, Иранската војска со помош на Англија и Соединетите Американски Држави (САД) , на 18 декември 1946 година го завземаат Мохабад и ја укинуваат Курдската Република. Председателот Кази Мухамед и голем број истакнати личности, негови приврзаници биле убиени, а голем дел од членството на ПДКИ побегнало во странство.

Курдската Република во Махабад иако кратко траела, за понатамошната борба на Курдскиот народ во регионот Курдистан, одиграла значајна улога. Курдите по прв пат формирале држава со свој председател, собрание, пратеници и своја војска. Тоа било потврда дека демократските сили на курдскиот народ се способни самите да ја изградат идната Курдска држава. Сепак, можи да се заклучи дека без подршка на меѓународниот фактор или големите сили не ќе можи да се формира идната Курдска држава. Во овај случај, формирањето на Курдската Република било подржано од Советскиот Сојуз, но по повлекување на Русите од Иран, Курдската Република била крваво задушена.

Во 1951 година Мухамед Мосадек (Muhammad Mossadeq) од иранскиот парламент добил мандат да формира нова влада. Во двегодишното водење на државата од страна на Мосадек, створени се услови за полиберално организирање и делување на Курдското движење во Иран. Во овај период ПДКИ под раководство на Азис Јусуфи и Гани Бугаријан на изборите во 1952 година обезбедуваат едно пратеничко место во Иранскиот парламент.

Во периодот по падот на владата на Мосадек (Операција Ајах), каде преку државен удар на чело на владата доаѓа генералот Захеди, повторно започнува период на прогонување на Курдите. Бунтот на Курдите во Бохан и Мосадек бил крваво задушен.

Владата на генералот Захеди, штитејќи ги само конзервативните елементи на Курдите и курдската емиграција, спроведувала асимилаторска

политика врз сиромашното и неорганизирано курдско население во Иран. Треба да се нагласи дека во периодот од 1950 до 1960 година Иран постанал четврта земја по производство на нафта во светот со добивка од 344 милиони долари само од продажба на нафта. Во овај период во политиката на Иран големо влијание имала и Америка на која и бил потребен стабилен и безбеден Иран но и Иран кој ќе го спречи ширењето на Советскиот Сојуз.

Со цел да не се дозволи нов авторитарен режим во Иран, под притисок на западните сили генералот Захеди му ја предава власта на Шахот Мохамед Реза Пахлави кој на власт останал до неговото соборување од Иранската револуција на 11 февруари 1979 година. Во неговиот период на владеење, посебно во периодот по превземајнето на апсолутното владеење со Иран, Шахот ја спровел и најпознатата реформа во Иран “ Белата револуција“ (Тоа била реформа со која се сакало да се подобри образованието и здраството во Иран), но кампањата за описменување најмногу го погодило курдскиот народ во оваа држава. Тие биле приморани да го учат Персискиот јазик. Нов удар за Курдите во Иран се случил во 1975 година со потпишувањето на Алжирскиот договор. Со овај договор Иран се обврзал дека подобро ќе ја обезбедува границата со Ирак. Со овај договор се прекинала економската и политичката врска на иранските и ирачките Курди.

Прашањето за “автономен Курдистан“, повторно било покренато во 1979 година по доаѓање на имамот Рухолах Хомени и спроведената Исламска револуција. Во овај период политичките представниците на Курдскиот народ, кој ја подржуваат идејата за автономија започнале масовно да го вооружуваат населението во обласа каде тие живеат. Набрзо зачестиле и судирите помеѓу безбедносните сили на Иран и курдските борци.

Со цел подобро да се кординираат активностите на курдските организации на 22 август 1979 година формирам е и фронт за борба против Техеран. Како против мерка на оваа одлука на 26 август имамот Хомеини ја прогласил познатата „ Света војна“ , во која биле опфатени и Курдите во Иран. Со цел да се спречи повторното крвопролевање на Курдите, Гувернерот на Мохабад на 27 август се упатува во Техеран со предлог и план за мировен

договор со Техеран. Овај мировен договор е отфрлен од страна на Хомеини, а курдските организации и нивните лидери преминуваат во илегала.[55]

Во Ноември 1979 година, Делегација на единствениот фронт составен од Демократската партија, Марксистичко ленинистичката партија “Комала“ и Организацијата на федеините на чело со Шеикот Езедин Хосеин, на Ирачката влада и доставиле предлог-проект за автономија на Курдите во Иран во осум точки:

1. Автономијата на Курдите да биди утврдена во Уставот на Иран.
2. Курдската област со своите 4 провинции да биде призната киако автономна област.
3. Владата на Курдистан да биде избрана од националното собрание по пат на тајно гласање.
4. Курдскиот јазик да биде официјален и званичен јазик, а персискиот да се изучува во средните училишта.
5. Природното богатство на Курдистан да се користи за развој на земјата (автономната област).
6. Курдскиот народ да биде претставен во централната влада и парламентот со одреден број на претставници.
7. Во надлежност на централната влада да биде надворешната политика, одбраната, економијата, финансиите, ПТТ и сообраќајот.
8. Да се гарантира слободата на политичко и верско изразување на сите национални малцинства.[56]

Како и бројни иницијативи, така и оваа иницијатива не била прифатена. Во новиот документ од страна на Иранската влада, а кои се однесувал на правата на малцинските групи, повторно била предвидена само ограничена локална самоуправа.

Нередите во Курдистан (Иранскиот и Ирачкиот дел) не престанале и за време на Иранско-Ирачката војна. Иранската влада и безбедносните сили на Иран ја искористиле војната за борба и против Курдското население во Иран, а

[55]https://medium.com/@umudayar/do%C4%9Fu-kurdistan-i%CC%87ran-k%C3%BCrtleri-kimdir-7ea4b8723eaa

[56]Ghassemlou A.R. Les Kurdes d” Iran, Парис 1981 стр. 162

од друга страна  Курдите во Ирак ги подржувале во борбата против Садам Хусеин. Безбедносните сили ги контролирале градовите и сообраќајниците , а курдските борци планините и селата каде биле формирани слободни територии во кој повторно се организирала Курдската власт.

Борбата на Курдите во Иран за своја автономија и денес не е престаната. Настаните во Ирак и симнувањето од власт на Садам Хусеин како што е претходно наведено придонело за формирање на Курдска автономна област во оваа држава. Војната во Сирија која и денес трае, а во која како и во Ирак, курдските борци се на страната на коалициските сили и се верен подржувач на Америка само ја зголемуваат шансата и желбата на Курдите за автономија и во Иран. Во однос на ова прашање Иранската влада и денес води иста политика на топло-ладно. Во наредниот период одговор на прашањето за автоноимија на Курдите во Иран треба да се бара во добрата волја на Иранската влада за подобрување на правата за Курдите со давање на автономија или при наредна дестабилизација на Иран во која курдските борци активно би се вклучиле и под притисок на меѓународната заедница би се избориле за своето право.

## 2.8. Положбата на Курдите во Сирија

Низ историјата прашањето на Курдите и Курдистан секогаш било застапено во  Ирак, Иран и Турција  додека влијанието на сириските Курди во решавањето на ова прашање било многу мало. Од секогаш сириските Курди биле под големо влијание на Курдите од Ирак. Пред 2011 година ( пред граѓанската војна) сириските Курди се нарекуваа "заборавени Курди” бидејќи тие привлекуваа  многу малку внимание од меѓународната  јавност и јавни медиуми.

Националната свест на Курдите во Сирија добива позитивни насоки за време на францускиот мандат (1918-1945 година), односно по заминување на Османлиите од Сирија. Во овај период Курдите во Сирија добиваат бројни културни и политички права, формирани се бројни политички и друштвени организации, Курдите слободно го кориселе својот јазик, а исто така дел од населението било интегрирано во администрацијата и армијата. Во овај период слободно се печателе весници на курдски јазик (Havar-Апел, Rojek nu-Нов и

др.). Но со доаѓање на англиско-арапските сили во Сирија, се променила и политиката према курското население.

По потпишување на Египетско –Сирискиот договор и формирањето на Обединетата Арапска Република во февруари 1958 година, отпочнале репресиите спрема Курдите. Курдските весници биле забранети, а курдските чиновници кои работеле во локалната администрација биле разместени или отпуштени од работа исто така и курдските офицери и подофицери кои работеле во Сириската армија добиле прекоманди или деградирани. Во овај период, поточно во 1957 година Курдите во Сирија ја формираат Демократската партија (КДПС) која во својата програма го имала и барањето за признавање на Курдите во Сирија како етничка група. Оваа партија го подкренува и прашањето за економска неразвиеност во деловите на Сирија каде претежно живеат Курдите, за дискриминација во образванието  и несразмерен однос во запослувањето во државните институции.

По излегување на Сирија од Обединетата Арапска Република во 1961 година, во Сирија на власт доаѓа Арапската социјалистичката партија  БААС, која ја зголемува репресијата према Курдите и нивната асимилација-арабизација. Во овај период, политиката на репресија према Курдите од страна на државата постанал легален.

Како во Иран, Ирак и Турција така и во Сирија на Курдскиот идентитет се гледало како закана и опасност за Сириската држава, која се плашела дека борбата на Курдите за своја автономија и независност во Ирак и Турција може да се прошири и на нејзина територија. Сепак треба да се нагласи дека Курдите во Сирија не биле воено-политички организирани и силни како во Ирак и Турција, па така нивниот притисок према сириската власт бил и послаб.

На ваквата состојба големо влијание имало следното:

- Курдите во Сирија не живееле во една целина или геогравска област, тие биле распространети во два региона на северот на Сирија,
- Во време на режимот на БААС партијата во 1962 година, на околу 200,000 Курди им било укинато државјанството под изговор дека се емигранти.[57]

---

[57] McDowall, David (2004). A modern history of the Kurds. I.B.Tauris. ISBN 1850434166.Ст. 493

Во 1963 година Сириската безбедносна служба направиола анализа и изработила извештај во кој Курдите биле прикажани како непријатели на Сириската држава. Курдите се прикажани како малиген тумор кој се развива на телото на арапскиот народ. После овај извештај повикани се државните институции и безбедносните сили да ги зголемат репресивните мерки према Курдите.

Во овај период Сириската влада одлучила да изработи " арапски појас" помеѓу сириско-турската и сириско-ирачката граница со тоа што ќе ги расели Курдите од овие простории на нивно место ќе насели Арапи. Со овај план раселени се преку 100 000 Курди, заменети се имињата на селата и градовите (топонимите) со арапски, а во 1967 година забранети се сите курдски имиња. Со оваа нова забрана Курдите биле приморани на своите новородени деца да им ставаат арапски имиња. Самото користње на курдскиот јазик било забрането, а со одземање на државјанство на поголем број на Курди им било ограничено или одземено правото на користење на јавни услуги и вработување. Со одземање на правото да го користат курдскиот јазик им било ограничено и правото на образование на свој мајчин јазик. Но репртесијата не запрела со овие мерки. Со цел да се реализира потполна асимилација на Курдите во 1975 година сирискиот режим предложил пишување на нова арапска историја со потенцирање на единство на арапскиот народ, но и интеграција на Курдите во друштвото. За да ја оправда оваа своја политика и намера сирискиот режим започнал соработка со одредени Курди, курдски групи и организации кои прифатиле да не се идентификуваат како Курди, а за возврат истите биле наградувани со високи позиции во локалните институции или добивале финансиска помош.

Во 1976 година Претседателот на Сирија, Хафез ал-Асад (Hafez al-Asad) поради проблеми со опозицијата ја запрел кампањата за арабизација на Курдите.

Периодот од 1976-1982 година во Сирија е карактеристичен како период во кој сириската власт се бори против опозициските партии и организации односно со партијата на Муслиманското братство.

По смрта на Хафез ал-Асад во 2000 година, неговиот син, Башар ал-Асад извршил реформи во функционирањето на државата меѓу кои и слобода на говорот, но по една година повторно ги забранил курдските весници и правото

на користење на курдскиот јазик. Ова пак во 2002 година поттикнало бројни демонстрации и протести на Курдите протев режимот на Асад. Кулминација на нетрпението на Курдите и Арапите се случило на 12.03.2004 година во Ќамиши (Qamishi) на фудбалски натпревар помеѓу курдски и арапски фудбалски екипи каде избиле големи немири и тепачка помеѓу двете навивачки групи.[58] Овие немири подоцна се прошириле и во останатите градови и села во североисточниот дел на Сирија кои се населени со Курди. Овие нереди и протести насилно се прекинати со голема бруталност на Сириските безбедносни сили. До крајот на март во немирите животот го изгубиле 43 лица, имало стотици повредени, а уапсени биле околу 2 500 Курди со обвинение за агресија и предизвикување на граѓанска војна, поврзување со тајни организации со цел отцепување на дел од територијата на Сирија и припојување кон друга држава. После овие настани голем број на курдски интелектуалци и припадници на курдските политички партии се затварани, мачени и убивани, а како последица на бруталноста на сирискиот режим голем дел од курдското население емигрира во Ирачки Курдистан.

### 2.8.1.Дејствување на Курдите во Сирија по Арапската Пролет

„Арапска Пролет“ е синоним за народниот бунт и револуција во Арапскиот свет. Првичното име е „Јасминова Револуција“ која започнала на 18 Декември 2010 година во Тунис, но поради сличната ситуација во арапските држави и незадоволството на арапскиот народ бунтот масовно се проширил во Алжир и соседните арапски држави Либија, Сирија, Бахреин, Мароко, Јемен и Јордан по што го добива тоа име. „Арапска“ заради појавувањето во арапските држави а додека пак „ Пролет“ поради сличностите на настаните во 1968 во Чехословачка – „Прашката Пролет“ . Низ литературата е позната и под псевдонимот „Арапско будење“.

Арапската Пролет во литературата го завзема своето место како дефиниција на криза која го менува и видоизменува лицето на Средниот Исток. По 2011 година Арапската Пролет допринела до пад на дел од лидерите во арапските земји, а за тоа да се случи главна подлога претставува граѓанското будење и отпорот кон државните системите.

[58] http://www.hurriyet.com.tr/gundem/suriye-de-mac-sonrasi-kurt-arap-savasi-209448

Ова граѓанско будење кое се одразило со бунтови и масовни протести е претворено во граѓански бојни во државите. Најкрвавата сцена на граѓанска војна во склоп на Арапската Пролет е одиграна во Сирија. Празнината која е отворена во текот на граѓанската војна во Сирија претставува шанса за терористичките организации која е рационално искористена од нивна страна и започнуваат со завземање на територијата на Сирија, при што терористичките организации ИСИС и ДЕАШ завземаат активно учество во граѓанските војни во Сирија и се еден од чинителите на истата.

По кратко време од оформувањето на ИСИС терористите започнуваат да го контролира регионот кои што е од големо геополитичко значење и изобилува со природни ресурси при што лидерот на оваа терористичка организација Абу-Бекир Ал-Багдади во 2014 година ја самопрогласил Исламската држава и Калифатот.




**Карта -6**

**Карта на областта контролирана од страна на ИСИС во 2015 година и 2018 година**[59]

[59] https://www.bbc.com/news/world-middle-east-27838034

Контрилирањето на територијата од страна на ИСИС покрај влошувањето на општествениот поредок допринесува до раселување на околу 14 милиони луѓе во и надвор од територијата на Сирија.

Со Арапската Пролет се променува димензијата за меѓународните интереси на Средниот Исток и со тоа се дава на поголемо значање од геополитички и геостратешки аспект.

Всушност интересите на САД се однесуваат на :

- Суверенитетот и територијалниот интегритет на Израел;
- Воспоставување на блиски односи помеѓу САД и Израел и подржување на администрациите кои допринесуваат до зајакнување на регионалниот легитимитет на Израел;
- Гаранција на проткот на нафта од регионот кон Запад како и обезбдеување на разума пазарна цена на нафтата;

Отежнување и оневозможување на останатите глобални сили до доминација и пристап на регионалните ресурси на Средниот Исток.[60]

Како дел од Арапската пролет која предходно започна во Тунис , а се прошири во Египет, Јемен,  Бахреин и Либија во март 2011 година започна Сириското востание. Во Сирија востанието започнало како реакција на апсењето и малтретирањето на група тинејџери од страна на Сириските безбедносни структури во градот Дера  и насилната реакција на режимот према демонстрантите кои протестираа. Набрзо демонстрациите се прошириле и во другите градови на  Сирија, а најжестоки биле во главниот град Дамаск. Како и во другите држави каде се личи Арапската пролет и во Сирија протестите биле предводени од млади луѓе кои во своите барања покрај демократизација на државата и подобрување на човековите права побараа и оставка на председателот на Сирија, Башар Ал Асад.

Во овие протести и курдската младина заедно со сириската младина учествувала на протестите како во Дамаск така и во градовите во северна Сирија каде живеат Курдите. Курдските политички партии заедно со Сириските арапски опозициски партии ги контролирале протестите кои имаа симбилика со денот на нивниот почеток и беа наречени “ Слобода во петок “

[60]Oğuzlu, T. (2011). Arap Baharı Ve Yansımaları. Ortadoğu Analiz, Cilt: 3, Sayı: 36, 8-16

или Freedom Fridey односно на курдски Ina Azadi. Иако курдската младина во овие протести активно учествувале, поради слабата медиумска покриеност и пасивноста на курдските политички партии придонело да Курдките партии бидат обвинети од стана на Сириската здужена опозиција за соработка со режимот на Асад.

Сирискиот режим предводен од председателот Башал Ал Асад го увидел неединството во опозициските партии па во обид да ги придобие сириските Курди во април 2011 година доделил државјанство на Курдите и го прогласил Невруз за национален празник.[61] Исто така го поништил членот 49 од Законот донесен во 2008 година со кои било забрането да се продава земјите во Курдската гранична област . И покрај одстапките што ги направил Асад према Курдите дел од радикалните Курдски партии ги подржале демонстрациите . Со цел да се подобри координацијата на курдските партии во Сирија но и завземи подобра позиција во преговорите со Сирискиот национален совет во октомври 2011 година е формиран Курдскиот национален совет кои бил менаџиран и спонзориран од Масут Барзани, Председател на Курската регинална влада во Иран. Поради различните ставови во врска со иднината на Сирија, Курдите ги напуштиле преговорите. Сирискиот национален совет се залагал да Сирија остане  арапска држава што за Курдите било неприфатливо. Курдскиот национален совет за прв пат ги обедини Курдите во Сирија па така кога Сириските вооружени сили се повлекле од Севернио дел на Сирија во август 2012 година Единиците на Народната заштита (ЈПГ) ја превзеле контролата над целокупната територија каде живееле Курди во северна Сирија. Тука започнала и борбата за превласт и власт помегу Курдкиот национален совет ( КНС)  и Партијата за демокраски сојуз (ПДС). Со интервенција на лидерот на Демократската партија на Ирачки Курдистан, Барзани дошло до смирување на тензиите помеѓу КНС и ПДС. Од двете партии во јуни 2012 година е формиран Курдскиот врховен комитет кои владеел со автономната курдска енклава на северот на Сирија. Но во 2013  сепак како доминантен политички фактор се наметнува ПДС која со голема подршка и помош на Курдската работничка партија ( ПКК) и нејзиниот лидер Абдула Оџалан, го превзела водството во изградбата на нов и алтернативен политички систем во Сирискиот

[61] **Ayşe Karabat** , „Suriye Savaşları“ , ,İstanbul

Курдистан.[62] Во ноември 2013 Партијата за демократски сојуз еднострано прогласила автономија во областите Африн, Кобане и Јазир. На 6 јануари 2014 е прогласен " Социјалниот договор за Роџава" со што биле удрени темелите за имплементација на федерален политички систем, базиран на локална самоуправа. [63]

Во текот на 2014-2015 година Народната единица за заштита- НЕЗ (YPG), ги поразува борците на Исламска држава во Кобане. Во тоа време Исламската држава представувала најголема опасност за Курдите и за опстанокот на автономната област „Роџава". Народната единица за заштита стана најголем сојузник на Коалициските сили предводени од САД во борбата против Исламската држава. Поради блиските врски со ПКК, под притисок на Турција, Народната единица за заштита е прогласена за терористичка организација, а со тоа била исклучена од понатамошните мировни преговори за Сирија и за прашањето на Курдите во Сирија. Во мај 2017 година при воената интервенција на САД према Исламската држава во градот Рака биле вклучени и единиците на YPG.

При решавањето на Курдското прашање, а од страв кризата од Сирија да не се пренеси и на просторот каде живеат Курдите во Турција, летото 2015 година Турција се вклучува во Меѓународната коалиција против Исламска држава. Намерата на Турција била да се постигне договор за прекин на огнот , а потоа да се нападнат единиците на Партијата за демократски сојуз и ПКК. Во 2016 година Турските копнени вооружени сили ја преминуваат Сириската граница со цел да и дадат подршна на Сириската слободна армија, но главната цел била да се спречат курдските борци да освојат поголем простор помеѓу градовите Африн и Кобане, а со тоа и поголема контрола на границата со Турција и слободно движење на борците на ПКК од Турција во Сирија. Операцијата на Турската армија се одвивала по тајното име Штитот на Еуфрат (Fırat Kalkanı Harekâtı ) и траела од 24 август 2016 до 29 март 2017 година. Со самата операциа Турција им дала до знаење и на меѓународната заедница но и

---

[62] Cengiz Gunes and Robert Lowe,The Impact of the Syrian War on Kurdish Politics Across the Middle East, 2015

[63] https://www.cnnturk.com/fotogaleri/dunya/20-baslikta-rojava-demokratik-ozerk-bolgesi

на Курдите дека контолата на овај простор, а посебно пограничниот и граничниот простор е нејзина обврска и тука нема да дозволи никој да се меша.

Во подршка на режимот на Асад во ноември 2015 година дирекно се вмешува и Русија. Но Русија ги подржува идеите на Партијата за Демократски Сојуз која промовира федерално решавање на проблемот.

Паралелно со решавањето на воената криза во Сирија и победата над Исламска држава во 2017 започнале и преговори за идното политичко уредување на Сирија и решавањето на прашањето со Курдите во Сирија.

Денес кога Исламска држава е поразена во Сирија, остануваат уште две важни прашања кои треба да се решат и тоа: Новото политичко уредување на Сирија и местото и улогата на досегашниот председател Асад од кого Меѓународната заедница бара да се повлече од функцијата председател и решавањето на Курдското прашање. Курдите во Сирија со нивната лојалност према САД во борбата против Исламска држава ја задолжија САД и Европската унија да им помогнат во остварувањето на нивниот вековен сон.

### а) Партијата на демократскиот сојуз (PYD- Partiya Yekîtiya Demokrat)

Почетоците на демократскиот сојуз датираат од периодот кога лидерот на терористичката организација ПКК Абдулах Оџалан започнува со своите активности во Сирија. По неговото апсење од страна на Република Турција во 1999 година, со посредство и помош на адвокати, Абдулах Оџалан продолжил да им дава упатства и насоки на терористичката организација при што изјавил дека е потребно организацијата да се организира и на територија на Сирија. По дадените инструкции и цели на организацијата од страна на лидерот на ПКК Абдулах Оџалан за продолжување на целите на територијата на Сирија на 17 октомври 2003 година е формирана Партијата на демократскиот сојуз.[64][65]

[64]İçişleri Bakanlığı, (2017a). PKK/KCK Terör Örgütünün Suriye Kolu: PYD-YPG.стр.7
[65]İçişleri Bakanlığı, (2017b). Türkiye'nin DEAŞ İle Mücadelesi. 4-75.

Партијата на демократскиот сојуз со подршка од САД и искористувајќи ја поволно клима која е резултат на Арапската Пролет станува еден од најголемите и најмоќните актори во во Сирија. [66]

Со центар во Камишли-Сирија, Партијата на демократскиот сојуз од 2011 година започнува активно со политичко организирање во градовите Африн, Кобани и Хасеки при што покрај политичката доминација започнуваат и со воена доминација врз регионот, а со претензии кон проширење на територијата. Фактот дека Кобани, Џезире и Африн се од една страна самопрогласени за кантон зона е показател за горенаведената ситуација.[67]

Една од причините за подршката на Партијата на демократскиот сојуз од страна на САД е поради завземеното активно учество на борба против терористичката организација ИСИС или Исламска Држава.[68]

### б) Народни одбранбени единици (YPG - *Yekîneyên Parastina Gel*)

Организацијата основана во 2004 под името Единица за заштита на луѓето или Народни одбранбени единици, активна е во северниот дел од Сирија и претставува вооружено крило на Партијата на демократскиот сојуз која применувајќи ја реториката на терористичката организација ПКК и нејзиниот лидер Абдулах Оџалан за „обединување на Курдите под ист кров“ претставува терористичка организација.[69]

Во северните делови на Сирија кои што најчесто се населени од страна на Курдите и по повлекувањето на силите на Асад од овој регион, терористичката организација PYD/YPG без потешкотии ја превзема контролата врз градовите Дерик, Африн, Кобани и Амуда кои што градови се во непосредна близина до границата на Република Турција.[70]

[66] Ertuğrul, 2014, s. 81 Ertuğrul, E. (2014). Suriye Kürtleri Ve Demokratik Birlik Partisi (PYD). Yüksek Lisans Tezi, Ufuk Üniversitesi, Ankara
[67] Kerman, İ. ve Efegil, E. (2017). Terör Örgütü PKK/PYD'nin Suriye'de İzlediği İç Savaş Stratejisinin Değerlendirilmesi. ANKASAM, Hybrid Warfare Special Issue 1(2), 169-170
[68]Bingöl, O. (2016b). Suriye'de Kürt Hareketi: PYD/YPG'nin PKK Ve Bölgesel Kürt Dinamiği İle İlişkisi Ve Türkiye'ye Etkileri. MSE, Rapor 14, 1-22
[69]Yılmaz, T. (2017). 2010 Yılında Başlayan Siyasi Gelişmeler: Arap Baharı'nın Sonu, Suriye İç Savaşı. Yüksek Lisans Tezi, Ufuk Üniversitesi, Ankara, страна 105
[70] Reuters, 2012Reuters, (2012). After Quiet Revolt, Power Struggle Looms for Syria's Kurds. https://www.reuters.com/article/syria-crisis-kurds/after-quiet-revolt-powerstruggle-looms-for-syrias-kurds-idUSL5E8M27O620121107

Во склоп на Народни одбранбени единици (YPG) е и таканаречената „ Женса заштитна единица или женска бригада “ (YPJ) кои бројат околу 30.000 жени.

Во почетокот на 2015 година Народни одбранбени единици (YPG) извојувала голема победа над Исламска држава при опсадата на градот Кобане. Во оваа операција (YPG) добила подршка од САД и другите коалициски земји. Од самото формирање до денес (YPG) покрај обезбедувањето на слободната територијаРојава се ангажирала во борбените дејства и операции: Борбите за Тел – Абид ( 2013-2016), Алепо ( 2016 ), Битклата кај Сарин, Ал-Хасаки ( 2016), и при опсадата на Кобане . Единиците на (YPG) во 2014 година се бореле и во операциите кај градот Синџар на Ирачката граѓанска војна.

Народни одбранбени единици (YPG) учествувала и во борбите против турската армија во операцијата „Маслиново гранче“ која траела од 20 јануари до 24 март 2018 година. Борбит биле водени во градот Африн.

Со цел да се смени перцепцијата на терористичката организација и притисокот од Турција PYD/YPG се именувани како Сириски демократски сили при што на меѓународната сцена добиваат една нова димензија.

# III Глава:
# Формирање на нова држава на Средниот Исток Курдистан, реалност или фикција

## 3.1. Меѓународно признавање на држава

Власта во рамките на една држава ги уредува односите во државата, но и карактерот на нејзините меѓународни позиции. Највисоката власт, која не признава ниту една друга повисока форма на власт, претставува суверенитетот.[71]

Меѓународно признавање претставува правно и легитимно признавање на ново прогласена држава преку принципот на самоопределување.

Концептот „Меѓународно право" за прв пат е употребен во 1789 година од страна на Џереми Бентам во книгата „Вовед во начелата на моралот и законодавството" и во англиските текстови после 1840 година.[72]

Терминот меѓународно јавно право се потпира врз идеата за народот како носител на суверенитетот во државата, која има демократска конотација и е произлезена од големите граѓански револуции.[73]

Истражувајќи го традиционалното гледање за природата на меѓународното право, во 1894 година Џон Вестлејк (John Westlake)наведува дека "меѓународното право е корпус од правила кои преовладуваат меѓу државите".[74]

Причината за формулирање на концептот „меѓународно" од страна на Бентам е во насока дека тоа не е над суверените држави но е „ правна гранка" која се применува меѓу државите. Може да се каже дека овој концепт е еквивалентен со Законот на нациите (Law of Nations ) или „droit de gens". Во суштина двата концепти влечат корени од времето на Римската Империја и пишаните правила од страна на Цицетон во „ ius gentium".[75]

Процесот на признавање на државите започнува да добива големо значење заедно со промената на рамнотежата на моќ во XIX век, подемот на националната идеологија и појавата на новите актори на меѓународната сцена.

---

[71]Williams, Goldstein and Schfritz, Classic Readings of International Relations, Wadsworth Publishing Company, Belmond, California, стр.82.
[72]Oppenheim, L. (1905) International Law. Longmans Green & Co ст.1
[73]Владимир Ортаковски и Марија Миленковска "*Меѓународно јавно право*", Скопје, 2014, стр.1
[74]John Westlake, International Law, Cambridge: Cambridge University Press, 1894
[75]Malanczuk, P.(1997). Akehurst's Modern Introduction to International Law. New York: Routledge

Со цел да биде функционален меѓународниот систем активните актери на меѓународната сцена во тој временски период се обиделе да воведат ред и критериуми за признавање. Со заедничка одлука на моќните Европски држави е дојдено до признавањето на Грција во 1830-тата година и признавањето на Белгија во 1831 –та година, но во тој временски периот моќните држави како критериум во признавањето на новите држави ги земале во предвид меѓународната безбедност и рамнотежата на моќ. [76]

После Првата светска војна и Парискaта мировна конференција од 1919 година по иницијатива на претседателот на САД Вудроу Вилсон е формирана Лигата на народите при што прашањето за признавање на држава добива нова димензија. Самиот Вилсон ќе каже : „Ниту еден народ без своја волја не може да биде принуден да живее под туѓ суверенитет “.

Обележјата на модерната држава, онаква каква што ја познаваме денес, се вообличени со Вестфалскиот мировен договор,[77] според кој државата ја конституираат три главни карактеристики: територија, население и суверенитет, односно апсолутна моќ на владеење со истите.[78]

Имено појдовна точка за настанувањето на системот на суверени држави претставува Вестфалскиот мировен договор од 1648 година. Основни принципи на Мировниор договор од Вестфалија се:

- Принципот на суверенитет на нациите–државите и основното право на самоопределување
- Принцип на правна еднаквост помеѓу нациите-државите
- Обврзувачки принцип на меѓународните договори помеѓу државите
- Принцип на немешање на една држава во внатрешните прашање на друга држава.

Доколку се осврднеме на географските постулати при дефинирањетона државата, истата можеме да ја дефинираме како ограничена територија,организирана од страна на афтохтон народ, на политички

[76]AZARKAN, Ezeli, Devletlerin Tanınması ve 1933 Montevideo Sözleşmesi, **Gaziantep UniversityJournal of SocialSciences**, 15/4, 2016, s.1056-1065

[77] Peace of Westphalia, Енциклопедија „Британика“, (www.britannica.com)

[78] The Crisis of the Sovereign State and the “Privatization” of Defense and Foreign Affairs, Heritage Foundation, (www.heritage.org).

ефективен начин, со политички систем кој суверено ја контролира територијата.[79]

Признавањето на една држава претствува формално правен акт, кој нема директно влијание врз постоењето на државата и истото е актуелно при создавање на нови држави со нивното стапување во меѓународните односи, било да е создавањето настанато со распаѓање на нови држави или со соединување на повеќе држави во една.

Преку принципот на самоопределување меѓународното признавање на една ново настаната држава претставува правно и легитимно признавање на истата, како многу комплексен и комплициран концепт за дефинирање поради политичката димензија и доминантниот интерес кој го имаат големите геополитички играчи, а не поради отсуство на правила и правна димензија.

Според сите критериуми за признавање на една држава од страна на меѓународната сцена прво треба да биде исполнета правната рамка меѓутоа денес акцентот е ставен на политичката димензија со што доаѓа до видоизменување во зависност од дадената ситуација.

За една држава да биде призната потребно е да ги поседува атрибутите на државност: територија, население и стабилна ефикасна власт која има концепт да влезе во меѓународните односи и да обезбеди извршување на меѓународните обврски.

Постојат две теории на признавање на држава и тоа конститутивна и декларативна теорија.

Според **конститутивната теорија** за признавање на држава создавањето на нова држава создава нови правни обврски, а постојаните држави треба да се согласат со тие нови обврски. Со актот на признавање настанува државата и од тој момент истата станува субјект на меѓународното право, односно носител на правата и обврските од меѓународната заедница. Признавањето претставува конститутивен елемент на настанувањето на државата, а не процесот во кој таа се здобила со независност. Без признавањето државата претставува обичен факт; со актот на признавање фактичката состојба се менува во правна.[80]

[79] Тони Милевски "*Политичка географија и геополитика*", 2015, Скопје, стр.136

[80] H. Kelsen, Recognition in International Law, a.j.,Vol.35,p.605

Според конститутивната теорија согласноста и волјата на веќе постоечката држава со актот на признавање можеда го вклучи новиот член во меѓународната заедница.[81]

Според **декларативната теорија** признавањето на државата е слободен политички акт со кој едноставно се констатира постоење на новата држава. Новата држава не настанува со согласност на другите, туку е резултат на посебна фактичка ситуација. Таа поседува капацитет на меѓународен план од моментот кога е фактички организирана.Во Конвенцијата од Монтевидео за правата и должностите на државите од 1933 година се наведува експлицитно дека “политичкото постоење на државата е независно од признавањето на другите држави. Признавањето на државата само означува дека државата која признава го прифаќа субјективитетот на другата, со сите права и обврски определени со меѓународното право”.[82]

Според оваа теорија, прашањето на меѓународниот субјективитет е независно од признавањето. Државата е правно конституирана како резултат на нејзините посебни напори и во специфични околности и не мора да ја чека процедурата да биде призната од другите држави. Таа е правно надлежна да делува на внатрешен план, како и на меѓународен план да влегува во меѓународно-правни односи.[83]

### 3.2.Белези на државата

Основни белези за настанување на една држава се: територија, народ и власт, и без постоење на еден од овие белези неможе да стане збор за држава. Така доколку постои одредена територија и население, а недостасува власт, или постои население врз кое се воспоставува одредена власта, а недостасува територија, или пак на одредена територија функционира некаква власт, а недеостасува народ во такви случаи не може да стане збор за држава.

[81]J.Crawford, The Creation of States in International Law, 2nd edn, Oxford,2006,pp.19ff.)
[82]Конвенција за правата и должностите на државите, донесена во Монтевидео, Уругвај, на 7-ма меѓународна конвенција на американските држави, 26 декември 1933, чл.3 и 6
[83]Владимир Ортаковски и Марија Миленковска, „Меѓународно јавно право“, Скопје, 2014, стр.75

### 3.2.1. Територијата како белег на државата

Државата е територијална организација бидејќи власта во државата е ограничена само на одредена територија, во која живеат одреден број на население. Значи јавната власт на државата се остварува само врз луѓето кои живееат на територијата од истата, без оглед на некои лични својства како нивната етничка или верска определба, политички или идеолошки убедување. Според тоа територијата е и најважен ресурс, извор на економско богатство, но и маневарски простор во случај на војна (наметната однадвор) и геополитички предизвик (за започнување на освојвачка војна за приграбување на туѓа територија), исто така и неопходен предуслов во поимното определување на државата за да може одредена државна власт нормално да функционира.

Територијата не е важна само за извршување и функционирање на власта врз истата туку е и од големо значење од гледиште на меѓународното право.

Со определувањето на територијата се определува и точно обемот, бројот на населението, пространството и со тоа се разграничува една од друга територија меѓу државите со тоа се разграничуваат и нивните надлежности и се исбегнуваат меѓудржавните спорови. Територијалната определеност на една држава го обезбедува мирот на истата, стабилноста и безбедноста на државите.

Од погоренаведеното се согледува дека територијата претстваувува поливалентна категорија односно се разграничува во внатрешна смисла т.н. територијални единици во државата како локалните самоуправи, месни заедници, како и во надворешна смисла територијата е определена како тридимензионална односно: копнена, воздушна и водена.

Државата има власт врз целокупната територија, а од ова прави постои само еден исклучок, што влечува во категоријата на т.н. правни фикции односно кога станува збор за екстериторијалноста која пак е категорија на меѓународното право. Со екстериторијалноста одредени делови од територијата на државата се иземаат од јурисдикцијата на истата и над нив се применува правото на земјата која ја претставуваат или од каде што потекнуваат.

### 3.2.2. Населението како белег на државата

Луѓето кои живеат на определена државна територија го сочинуваат населението на таа држава. Населението се наметнува при определувањето на поимот држава со сила на една природна претпоставка бидејќи смислата на јавната власт не е да се исполнуваат желбите и интересите на сите граѓани и таа власт да управува според нивната волја, туку, целта на власта во одредена територија врз населението во истата е преку правно нормирање да се регулираат најзначајните меѓучовечки и меѓугрупни односи чие почитување е обезбедено со примена на тие воспоставени норми или со закана на примена на физичка принуда.

Државната власт секогаш е насочена кон граѓаните како кон поединците или како кон колективитети, а не спрема територијата. Свеста и волјата на граѓаните на една држава се предмет и материја врз која преку доброволни или принудни средства државната власт дејствува со цел да се постигнат определени однапред планирани и нормирани поведенија за однесувањето на населението на одредена територија.

Бидејќи односот на државата е различен спрема различни категории на луѓе, разликуваме: државјани и туѓинци. Секој поединец како личност, субјект кај поединечно стапува во цвоевиден сплет на правни овластувања и правни задолженија со пределена државна заедница се вика државјанин на одредена држава. Туѓинци пак се лица кои живеат на одредена територија чие државјанство го немаат, без разлика дали имаат или немаат државјанство на некоја друга држава.

Населението како белег на државата, е поширок поим и во себе ги опфаќа двете спомнати групи луѓе односно државјаните и туѓинците.

### 3.2.3. Власта како белег на државата

Под поимот власт се подразбира општествениот однос помеѓу најмалку два субјекта, две волји, две страни на кои може да се наоѓаат и повеќе лица. За да се оствари волјата на едната страна, треба да се располага со можноста за примена на принуда за да ја обезбеди послушноста на другата страна.

Јавната државна власт укажува на фактот дека тука станува збор за судир на интереси меѓу властодавците и потчинетите. Државаната власт е обезбедена преку посебен, организиран и за тоа специјално подготвен државен орган со тоа од друга страна оневозможувајќи секаков вид на конкуренција и од таа причина сите се потчинети и зависни од истата.

а) **Суверенитет на државната власт**

Поимот суверенитет доаѓа од новолатинскиот збор "*superanus*"кој имал значење на *повисок,* а подоцна ќе го добие значењето на *највисок, врховен*.

Суверенитетот е правната суштина на државната власт по која таа се разликува од останатите видови на власт. Ниедна друга власт во државата не е суверена, бидејќи ги нема овие општествени белези врз кои се темели државната власт и кои правно се искажуваат како суверенитет.

И покрај фактот што денешниот свет е окарактеризиран како свет во кој егзистираат самостојни и суверени држави, вистинската привилегија да располагаат со сопствениот суверенитет ја имаат глобалните сили и евентуално кандидатите за глобални играчи. Сите преостанати политичко – територијални субјекти, особено во делот на надворешно – политичкиот ангажман треба да ги почитуваат интересите на големите сили. [84]

Постојат три белези на државната власт и тоа: независноста, супрематијата и правната неограниченот.

**б) Народен и национален суверенитет**

Народниот суверенитет се состои во тоа народот да ја извршува државната власт, односно народот да е суверен, а не државата.

Националниот суверенитет пак инсистира на специфичните својства на нацијата.[85]

**в) Територијален државен суверенитет**

Суверенитетот претстваува врховна власт на одреден субјект односно состојба на евидентна надмоќност на  носителот на одредена функција во

[84]Тони Милевски "Политичка географија и геополитика", 2015, Скопје, стр.151
[85]Димиар Бајалџиев, "Вовед во право", Скопје, 2009, стр.139-157

рамките на неговите неспорни надлежности за сеопфатно регулирање на појавте и процесите на одреден домен.

Територијалниот суверенитетот се дефинира како врховна највисока власт во рамките на една одредена територија според политичко-географските и геополитичките науки, кој пак претставува основа за државниот суверенитет со оглед на фактот дека во современи услови носител на суверената власт над одредена територија е државата на која таа територија и припаѓа. Суверена држава е онаа држава која ја остварува власта на целата своја територија во меѓународно признати граници. Така секое спречување на државата самостојно да ги регулира прашањата до сферата на владеењето со сопствената територија може да се окарактеризира како повреда на суверенитетот на таа држава.[86]

## 3.3. Однос и релација на поимите етницитет – нација

Под поимот етницитет се подразбира народ што има заедничка култура и заедничка историја, во кој односите меѓу припадниците на народите се одликуваат со емотивност и чувство на заедништво претставени преку зборот “*ние*”, за разлика од некои други групи, односно “*тие*”.[87]

Етницитетот како категорија нема за цел да остане во доменот на утврдување на обемот на културните резлики, напротив има за цел да ја утврди нивната взаемна поврзаност, па дури и да го зголеми степенот на нивното можно приближување.

Честопати таквите групи се разликуваат од некоја друга според бојата на кожата, јазикот или религијата на нејзините членови. Желбата на посилните етнички групи е да создадат држава, а кога ќе го постигнат тоа тие прераснуваат во национална група.[88]

[86]Тони Милевски “Политичка географија и геополитика”, 2015, Скопје, стр.136

[87]Саво Климовски, Тања Каракамишева, Раната Дескоска „ Политички Систем“, Скопје, 2009, стр. 187

[88] J. Steiner, Europian Democracies, Longman, New York, 1998, ср. 257

## 3.4. Видови признавање на нови држави

### 3.4.1.De jure и de facto признавање

Признавањето на една нова држава може да се изведе на два начина и тоа правно (**De jure**) или фактичко (**De facto**) признавање.

Правното признавањето или **De jure**се врши со формален акт и обично се смета како дефинитивно признавање на новонастанатата држава во целина на нејзиниот меѓународен суверенитет. Формалното признавањето (**De facto**) претставува привремено признавање на некои елементи на суверенитет на новата држава, односно воспоставување на економски или други политички односи, но без формално-правно признавање.[89]

### 3.4.2. Условно и безусловно признавање

Иако, усновното признавање на новонастанатата држава е во спортивност со декларативната теорија, сепак постојат случаеви кога истото се применува одностно одредена држава бара исполнување на одредени претходно дадени услови кои по правило се од политичка природа. За разлика од условното, безусловното признавање е принципиелно, кога се совпаѓаат фактичките и правните услови за настанување на новата држава и тоа е во согласност со декларативната теорија.

### 3.4.3. Изрично и премолчено признавање

Изричното признавање на новонастанатата држава се дава во форма на еднostран или повеќестран акт, кој акт може да биде вграден во мултилатерален договор или да биде изразен во посебен договор меѓу постоечка држава и новонастанатата држава. Премолченото признавање пак подразбира акти или пропуштања кои се сметаат за признавање на новата држава ова признавање го гледа рестриктивниот став на новата држава во

[89]Владимир Ортаковски и Марија Миленковска “*Меѓународно јавно право*”, Скопје, 2014, стр.77

склучување на одреден вид на акти како билатерални договори меѓу двете држави или воспоставување конзуларни односи со новата држава.

### 3.4.4. Индивидуално и колективно признавање

Индивидуалното признавање се случува на релација меѓу постоечката и новонастаната држава со едностран акт или дипломатска нота, додека пак колективното признавање кој се случува на одредени меѓународни конгреси и конференции.[90]

## 3.5. Курдите и нивната борба за автономија и формирање на независна држава

Курдите се етничка група која нема своја татковина, поделени во четирите држави на Средниот Исток кои секојдневно се борат на повеќе начини а со цел остварување на својот сон, независен Курдистан.

Терминот Етничка припадност за прв пат е употребен во 1953 година од страна на американскиот социолог Давид Реисман но неговите корени датираат многу претходно. Зборот „етнички“ потекнува од грчкиот збор “ethnos” што на старо грчки означува специфичен тип на човечко единство.

Нај тесната дефиниција за терминот етничка припадност окарактеризирува заедница која потекнува од ист сој и е еквивалентно на племе, а додека нај општата дефиниција е една социјална група која е поврзана со роднински врски.[91]

На почетокот на XX век отсуството на свест за етничката припадност на Курдите резултира со нивна поделеност помеѓу Турција,Иран,Ирак и Сирија но со тек на време тие согледуваат дека се загрозен народ кој што ја има испуштено можноста за самоопределување и започнуваат да превземаат активности за да ја оствари својата цел, автономија и формирање на независен Курдистан на географската област „Курдистан“. За да биде слушнат нивниот глас тие започнуваат герила акции и терористички акти врз државниот систем

[90]Владимир Ортаковски и Марија Миленковска “*Меѓународно јавно право*”, Скопје, 2014, стр.78,79
[91] 8 Anthony Smith, Theories of Nationalism, Duckworth, London , 1971, s. 180, Aktaran: Hayati Hazır, a.g.m. s.270

на Република Турција преку терористичката организација ПКК но со тек на време борбата ја префрлаат од планините во градовите под платформата за демократизација и борбата ја водат институционално преку парламентот, општините и невладиниот сектор.

За нивната цел и обединувањето на сите Курди во Средниот Исток показатели се произнесените ставови со списанието Серхвебун.

Серхвебун (Serxwebûn) е политичко и идеолошко списание кое е отпочнато со печатење во текот на првите години од основањето на терористичката организација ПКК. Зборот „серхвебун“ е курдски збор што значи независност.[92]

Публикациите на Серхвебун се на турски јазик, истиот се печати во Германија но поради идеолошките содржини Серхвебун е забранет во Р. Турција.[93]

Контексот поради кој е споменато списанието „ Серхвебун“ е поради тоа што овој идеолошки гласник претежно е читан од страна на курдските милитанти и терористи и ја потикнува и разгорува идејата за независен „Курдистан“. Исто така од долуваведената слика која што е насловна страна на списанието може да се забележи како со пенкало е исцртана територијата на Курдистан а над неа стои натписот „Ништо не е повеќе вредно од слободата и независноста“.




**Слика -2 Карта на Курдистан исцртана на насловната страна на Серхвебун[94]**

[92] http://www.internethaber.com/pkk-bu-kez-sucustu-yakalandi-402606h.htm
[93] https://www.yenicaggazetesi.com.tr/33-askerden-emre-asa-37074yy.htm

Покрај активностите кои ги превземаат во Република Турција паралелно превземаат и активности во Иран, Ирак и Сирија.

За да и се допаднат на меѓународната сцена а поготово на Западот и доминантните геополитички играчи на денешницата,

те застануваат на страната на Глобалната коалиција за борба против ИСИС која е под покровителство на Обединетите Нации и курдските воени силиорганизирани како „ Сириски демократски сили“ завземаат активно учество и допринос во оваа борба со што ги добиваат симпатиите на светската сцена, а со дадената жртва поради глобалните интереси на чело со САД го отвараат патот до остварување на нивниот сон автономија на „Курдистан“ и формирање на нова држава на Средниот Исток.

Во оваа борба тие се финансиски помогнати и воено наоружени од страна на многу држави кои влијаат во геополитиката на Средниот Исток меѓу кои и САД. На прес конференција во Њу Јорк Американскиот претседател Доналд Трамп на дописникот од Курдистан ТВ ословувајќи го со „Господине Курд“ му даде право да постави прашање при што дописникот Рахим Рашиди до прашал Трамп какви ќе бидат релациите со Курдите после ИСИС на што Трамп има одговорено „Курдите се инзворедни луѓе, тие умреа за нас, тоа нема да го заборавам“[95], што укажува дека САД има завземено позитивен став и го вреднува доприносот на Курдите во борбата против ИСИС а воендо и реализирање на целите на Средниот Исток.

Во рамките на спроведени студии при Центарот за политичко истражување Лондон (London Center for Policy Research), Советот за светски прашања и Организацијата за следење на Курдските човековите права (KHRW) Американскиот пензиониран генерал Ерни Аудино, за Курдистан 24 (телевизиски канал) ќе каже дека за претседателот на САД Доналд Драмп политиката на Средниот Исток и Курдистан се битни и за разлика од Обама, Трамб гледа сојузник во Курдистан. Според Аудино, 5 (пет) точки го зајакнуваат сојузот помеѓу САД и Курдистан и тоа:

-ИСИС не можеше да се уништи без Курдите;

-Џихадистичките структури не можат да бидат елиминирани без модерна сунитска сила;

---

[94] Serxwebûn Özel Sayı 6, s. 17

[95]https://www.bbc.com/turkce/haberler-dunya-45650592

-Еден од регионите што е потребен на надворешна политика на САД за развој на демократијата е Курдистан

- Со независен Курдистан политиките на САД во Заливскиот регион ќе бидат посилни

- Потребата за извори на енергија на САД и имањето на овие потребни извори во САД.[96]

Во изјава за руската новинска агенција Спутник лидерот на Курдски национален совет на Сирија (ENKS) Салих Муслим Михемед ќе каже дека САД во рамките на проектот Голем Блиски Исток сака да основа курдска држава. Во интервјуто Муслим Михемед го кажал следното:

*„Големиот проект за Средниот Исток на САД ја вклучува државата Курдистан. Има можност САД да формира курдска држава во Сирија и Ирак. Сето ова за да се случи зависи од САД кој е е сопственик на проектот. Прашање не е дали САД ги сакаат Курдите или не, ова е едно поглавје во нивниот проект. Во Курдистанскиот автономен регион во Ирак оваа година ќе има референдум и независност ќе биде прогласена за Ирак.* “[97]

Курдите од Ирак на чело со Месут Барзани поради наклонетоста на големите светски играчи кон нив ја согледуваат можноста за создавање независна Курдска држава на територијата на Ирак и отпочнуваат со подготвиделни активности за одржување на референдум во кој Курдите би се изјасниле дали сакаат своја држава.

Израелскиот премиер Бенјамин Нетанјаху пред референдумот за ирачките Курди во израелските медиуми има изјавено дека Израел го подржува формирањето на независна држава на Курдите.

Имено не е за прв пат од страна на високи претставници на Израел да биде подржана идејата за формирање на „Курдистан“.

Во 2004 година Бенјамин Натењаху на конференцијата за безбедност на Тел Авив ќе изјави:

*„Треба да ги поддржиме курдските аспирации за независност. Курдите се борбен народ што ја докажа својата политичка посветеност, политичка умереност и кои заслужуваат политичка независност“.*

---

[96]http://www.kurdistan24.net/tr/news/abd026bd-5342-4837-af71-980e98dc7c2a/)
[97]https://sputniknews.com/politics/201703281052028869-washington-kurdish-state-syria/

Додека пак израелскиот министер за правда Ајелет Шакед во 2017 година ќе оцени дека „Израел и западните земји имаат голем интерес во основањето на државата Курдистан“ и дека истиот сметаат дека е дојдено времето САД да го подржат тој процес.

Од страна на поранешниот израелски заменик на шефот на армијата генерал-мајот Јаир Голан на собирот во Вашингтон во 2017 година е изразена подршка на курдската независност при што од негова страна е дадена контроверзна изјава во која тој кажува дека Курдската работничка партија (ПКК) во Турција не е терористичка организација. Воедно тој ќе каже :

*„Од мое лично гледиште ПКК не е терористичка организација, така јас гледам. Кога ќе го погледнете Иран на истокот, кога ќе ја погледнете нестабилноста во регионот стабилен и обединет курдски етнитет на сред мочуриште не е лоша идеја“.*[98][99]

Неслучајно ставот на Израел е со недвосмислена подршка за создавање на „Курдистан“. Израел со оглед на неговата географска поставеност бара не-арапски парнер во регионот при што со редефинирање на границите на Средниот Исток и создавање на „Курдистан“ Израел би ја зајакнал својата позиција во регионот и би добил партнер држава преку која по лесно ќе може да ги оствари своите цели за доминација во Средниот Исток.

## 3.5. Турција како главна пречка за формирање на Курдистан

Историски гледано најголемата пречка која оневозможила формирање на независна држава Курдистан е формирањето на Република Турција со Лозанскиот мировен договор од 1923 година.

Имено, историјата се повторува, Република Турција во моментов важи за битен геополитички играч во Средниот Исток и главен виновник за неуспехот на проектот „Курдистан“.

За да се разбере големата игра на шаховската табла треба да бидат анализирани 6 (шест)причинско последични моменти кои се одвивале во периодот од 2012 година до 2019 година а кои директно можат да се поврзуват со проектот за создавањето на новата држава во Средниот Исток – Курдистан.

[98]https://www.mkd.mk/svet/vesti/netanjahu-go-poddrzhuvam-sozdavanjeto-na-nezavisen-kurdistan

[99]https://a1on.mk/archives/351403

## I - Проблемот со сириските бегалци;

Според Генералната дирекција за управување со миграции при Министерството за внатрешни работи на Р. Турција бројот на сириските бегалци во периодот од 2012 година во континуитет се зголемува и според нивните статистиките тој број во 2018 година изнесува 3.567.130 лица.[100]




**График -2**

**График на заштитени сириски бегалци во Република Турција**

На самитот Г-20 одржан во Германија, турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган ќе изјави дека Р. Турција има потрошено 30 милијарди долари за

[100]https://www.sozcu.com.tr/2018/gundem/turkiyedeki-suriyeli-multeci-sayisi-aciklandi-2331976/

сириските бегалци, која сума е преголема и допринесува до ослабување на економијата и безбедноста на Р. Турција.

### II Протестите „ Гези парк“

На 27 мај 2013 година на плоштадод Таксим во Истанбул по претходно донесена општинска одлука да се гради трговски центар донесена е механизација во Гери паркот. На оваа одлука започнуваат демонстрации со цел заштитување на последното зелено јавно место во градот. Во јуни 2017 година демонстрантите со шатори го озурпираат јавниот простор на плоштадот Таксим и мирните протести преминуваат во насилни каде полицијата во обид да ги разбие протестите употребува солзавец и водени топови а демонстрантите возвраќаат на овие удари од страна на полицијата. Протестите од локални со помош на социјалните мрежи се проширувaат во 79 општини. На протестите активно учествуваат над 2,5 милиони демонстранти, претежно млади луѓе кои не ја подржуваат активната владина политика на Република Турција. Овие протести кои што се режирани и помогнати од страна на надворешни фактори успеваат да ја прикажат Република Турција на меѓународната сцена како не демократска, диктаторска држава која со метод на полициска бруталност сака да ги спречи протестите кои ни малку не се демократски и мирни.

Протестите кои доведоа до раб на граѓанска војна завршуваат на 15 јуни 2013 година а исходот е десет загубени животи ( осум цивили и два полициски службеници ), 8163 повредени и штета од над 40 милиони долари.

Сценаријото на Протестот „Гези парк“ е дестабилизација на Република Турција и воспоставување на граѓанска војна како и прикажување на меѓународната сцена како држава во која не владеат демократски принципи а тоа би значело продолжение на „Арапската Пролет“ и туркање на актуелната власт.

### III Турско –Руска криза

На ден 24.11.2015 годинаод страна на вооружените сили на Република Турција беше соборен руски воен авион Сухои СУ-24М под образложение дека го нарушил турскиот воздушен простор, при што еден од пилотите го има загубено својот живот. За прв пат после 1950-тата година, во времето на Студената Војна една држава членка на НАТО уништува руски воен авион. Од

страна на Турскиот Генералштаб е изјавено дека откако рускиот воен авион го нарушил турскиот воздушен простор бил десет пати предупреден и потоа со помош на два турски воени авиони Ф-16 бил соборенна територија на Сирија.

Генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг ќе изјави дека кршењето на воздушниот простор е неприфатлив и дека воздушниот простор на Република Турција воедно е и воздушен простор на НАТО.[101]

Во врска со соборувањето на рускиот воен авион од страна на претседателот на Руската Федерација Владимир Путин ќе биде истакнато дека рускиот авион не претставувал никаква закана за Република Турција, дека истиот не го нарушил воздушниот простор на Република Турција и бил на територија на Сирија.[102]

После овој настан од страна на Русија воведени се посебни мерки за ембарго против Турција при што од страна на Руската агенција за контрола на храна Роселкхознадзор е запрен увозот на овошје и зеленчук од Република Турција.

Со ова се нарушени Турско – Руските односи а која ситуација е во полза на про-западните светски геополитички играчи и центри на моќ. Лошите односи меѓу двете држави ја уништуваат позицијата и моќта на Република Турција во регионот и би станала држава која е зависна од Западот со што би се спречила индивидуалната политика на државата.

**IV Обид за државен удар во Р. Турција**

На ден 15 -16 јули 2016 година група војници кои се дефинирале како Мировен Совет а во рамките на Турските вооружени сили извршија обед за воен удар врз Република Турција.

На официјалната веб страна од Турските вооружени сили и на националниот ТРТ канал е изјавено дека армијата го превзема управувањето на системот и прогласува вонредна состојба и полициски час при што мостовите Боазичи и Фатих султан Мехмет се затворени од страна на жандармеријата. Исто така со воени авиони во четири наврати е бомбардиран парламентот на Република Турција

---

[101]"NATO'dan Rusya'ya İki Günde İkinci Uyarı". *Amerika'nın Sesi. 6 Ekim 2015. 25 Kasım 2015 tarihinde* kaynağından *arşivlendi.* Erişim tarihi: 25 Kasım 2015
[102](^ "Turkey Refuses To Apologise For Downing Jet" *(İngilizce).* Sky News. *26 Kasım 2015. 26 Kasım 2015 tarihinde* kaynağından *arşivlendi.* Erişim tarihi: 26 Kasım 2015

За време на прогласување на воениот удар претседателот Реџеп Таип Ердоган преку апликацијата ФацеТиме на каналот СНН обраќајки се до нацијата укажува дека нема да биде дозволен обидот за државен удар и го повикува народот да излезе на улиците и аеродромите за да го спречи обидот за воен удар и да си ја зачува државата. По неговот обраќајне турскиот народ масовно излегува на улиците и го спречува државниот удар за кој што се испоставува дека е организаран од страна на Ферулах Ѓулен кој што од 1999 година живее во Пенсилванија- САД и неговата ФЕТО организација која што после настанот од страна на Република Турција е прогласена за терористичка организација.

Во обидот за државен удар животот го имаат изгубено повеќе од 300 души, 1491 се ранети а 8036 припадници на армијата се приведени при што во приведените припадници на армијата се и двата пилоти кои го имаат срушено рускиот авион на 24.11.2015 година.

Според иранската агенција „Фарс “руските разузнавачки служби неколку часа пред почетокот на започнувањето на воениот удар го предупредиле претседателот Ердоган дека се подготвува воен удар.[103]

Откако првично како премиер а потоа како претседател на Република Турција е Реџеп Таип Ердоган, Република Турција станува фактор на Средниот Исток и важи за лидер во муслиманскиот свет. Исто така, Турција станува економска и воена сила која што им пркоси на геополитичките играчи кои претендираат да доминираат на Средниот Исток. Па затоа доколку воениот удар би бил успешен би се отворил патот до остварување на геополитичките и геостратегиските цели на центрите на моќ за кои што кочница е силна Турција.

**V Разврска на Турско – Руската криза**

После неуспешниот обид за државен удар во Република Турција, властите на чело со претседателот на државата Реџеп Таип Ердоган започнуваат со промена на политиката на меѓународната сцена и дотогашните дипломатски критериуми при што прв од чекорите кои го превзема Република Турција е обидот за нормализирање на билатералните односи помеѓу двете држави и надминување на Турско – Руската криза.

За подобрување на билатералните односи од страна на Република Турција допринесуваат следните чекори:

[103] https://www.mkd.mk/svet/vesti/erdogan-go-spasile-ruskite-razuznavachki-sluzhbi

**а) Писмо до Претседателот на Руската Федерација Владимир Путин**

На ден 24.06.2016 година, веднаш после обидот за воен удар во Р. Турција, од страна на Реџеп Таип Ердоган е испратено писмо до Владимир Путин.

Во писмото Таип Ердоган искрено се извинува и кажува дека жали за загубата на живото на воениот руски пилот и соборувањето на рускиот авион и кажува дека ќе направи се што е во негова моќ за возобновување на руско-турските односи. Со овој чекор започнува примирјето помеѓу двете држави и е ставен крај на туско-руската криза.

**б) Турски тек**

На ден10.10.2016 година во Истанбул е потпишан договор за „Турски тек“ а кој договор  е потпишан од страна на рускиот министерот за енергетика Александар Новак и туската министерот за енергетика и природните ресурски Берат Албајрак.




**Карта-7**

**Карта на гасоводот „Турски тек“**

Овој договорот помеѓу Русија и Турција подразбира изградба на две линии на магистралниот гасовод по дното на Црното Море, а капацитетот на секоја линија е поголем од 15 милијарди кубни метри гас. Се претпоставува дека снабдувањето со гас преку првата линија ќе биде во целост предвидн за турските корисници. Другата линија е предвидена за

европскиот пазар и истата ќе поминува низ Бугарија, Србија, Унгарија и Словачка.

Со овој проект кој значи енергетска геополитика двете држави ги зацврстуваат своите позиции во регионот и Република Турција укажува дека може да биде енергетски не зависна од Западот.

### в) Набавка на руски воздушен систем С -400

Во септрември 2017 година Турција го има потпишано договорот за набавка на рускиот воздушен систем С-400 со што стана првата земја членка на НАТО која го има порачано овој руски воздушен систем. Договорот за набавка на системот С-400 е вреден околу 2,5 милијарди долари.

Со овој чекор Република Турција ја покажува својата непослушност према НАТО пактот и САД и укажува дека државничките одлуки ги донесува индивидуално без да може некој од страна да влијае врз истите.

## VI Операција „Маслиново гранче“

На 11.12.2017 година рускиот претседател Владимир Путин во ист ден ги има посети Сирија и Турција. Путин остварил средба со претседателот на Сирија Башар ал-Асад и ја посетил руската воздухопловна воена база Хамаимим каде што наредил повлекување на поголемиот дел руските воени трупи од Сирија.

После оваа посета на Сирија рускиот претседател Владимир Путин во Турција се има сретнато со турскиот претседател Таип Ердоган при што истите имаат разговарано за меѓународните проблеми меѓу кои и кризата во Сирија и Средниот Исток.

Околу еден месец по повлекувањето на руските вооружени сили од Сирија, вооружените сили на Република Турција заедно со Слободната Сириска Армија на ден 20.01.2018 година ја започнуваат операцијата „Маслиново гранче“ или позната како „ Операција Африн“ во градовите Алепо и Африн.

Операцијата е започната поради територијалната закана врз Република Турција и има за цел оддалечување од регионот на терористичките организации Курдската Работничка Партија (ПКК), Демократската Партија на Сирија (ПЈД - "Partiya Yekîtiya Demokrat")и нејзината вооружена структура (ЈПГ- *Yekîneyên Parastina Gel*),Сојуз на Курдски Заедници (КЦК- Koma Civakên

Kurdistan) и ИСИС кои се дефинирани како такви од страна на Република Турција како и загарантирање на безбедноста на границата и населението кое живее на тој регион.

Операцијата Африн резултира со победа на турските вооружени сили и Слободната Сириска Армија поддржана од Турција при што на 24 март 2018 година е воспоставена целосна контрола во Африн. Со тоа Турција се враќа како битен и влијателен играч на геополитичката сцена во регионот.

## Заклучок:

Курдското прашање е едно од најкомлексните отворени прашања на Средниот Исток кое претставува рак-рана за четирите независни држави на чело со Турција, Иран, Ирак и Сирија. Почетоците на ова прашање датираат од завршетокот на Првата светска војна односно од 1919 година, а додека пак за Курдите кои што живеат на географската област Курдистан претставува сурова реалност.

Курдите се нација која што претставува заедница на луѓе со заеднички идентитет, кои споделуваат исти културни вредности, кои говорат ист јазик и кои се поврзани за територијата каде што се доминантно население во делови од државите Турција, Иран, Ирак и Сирија.

Курдската нација претставува една од најголемите нации кои што немаат своја држава и се маргинализиран и угнетуван етникум од страна на независните државите на чија територија живеат, а кој народ во изминатите 100 години се има соочено со големи потешкотии во своето опстојување и недостаток на основните човекови права.

Кога се спомнати човековите права се мисли на правото на самоопределување, правото на говор и образование на мајчин јазик, местата каде што се населени Курдите најчесто се нај неразвиените области од државата без квалитетно здравство, инфраструктура, образование, индрустриски зони и др.

Исто така, курдскиот народ бил изложен на асимилаторска политика која била спроведувана од страна на четирите држави кои ја делат географската област „Курдистан“ и врз нив бил извршен геноцид во северниот дел на Ирак.

Како што е наведено погоре Курдите во изминативе 100 години имаат дадено преголема жртва во борбата за формирање на своја независна држава на географската област Курдистан, а која област е од големо геополитичко и геостратешко значење.

Но, главен виновник за немањето на своја татковина се самите Курди кои не го искористиле моментот и шансата што им се пружела на почетокот на минатиот век. И покрај тоа што големите геополитички играчи имале план за создавање на независен „Курдистан“ и реализацијата на овој проект била можна реалност, кој е наведен во Договорот од Севр од 1920-тата година,

курдскиот народ во недостиг на национално чувство за припадност на еден посебен етникум влегуваат во Турската војна за независност при што во периодот од 1919 година до 1923 година застануваат на страна на турските националисти, а против сојузниците од Првата светска војна кои што ја имале окупирано Османлиската империја. Причината за курдската подршка е стуктурата на самата Османлиска империја која ја сочинувале многу различни народи и етникуми, а единствената поделба во Империјата била на муслимани и не муслимани, при што Курдите во најголем број припаѓајќи на исламската вероисповест застануваат во дадената ситуација на „погрешната“ страна на историјата и со потпишување на Лозанскиот договор во 1923 година ја губат тогашната шанса за создавање на независен „Курдистан“.

Планот на тогашните геополитички играчи за создавање на Курдистан не е поради симпатиите кон курдскиот народ туку поради изобилството на нафтени ресурси на подрачјата населени со курдско население во околината на Мосул, Ербил и Керкур од тогашната Османлиска империја како и поради воспоставување рамнотежата на моќ и создавање на не-арапска држава која ќе ги штити западните интереси на Средниот Исток што укажува на хипотезата дека замислената област „Курдистан“ е од големо геостратегиско значење.

Курдите во тој временски период во недостиг на визионерство и немање на високо образовни кадри кои би допринеле до кревање на свеста на народот ја пропуштаат шансата за создавање на национална, суверена независна држава.

Но работите и позициите со тек на време се менуваат, курдскиот народ етапно го зголемува своето национално чувство на припадност на заедница различна од арапската и турската и ја отпочнува борбата за независнот која ја води со вооружен отпор врз државните системи, а подоцна и со помош на политичко дејствување.

Како прв успех на Курдскиот народ е формирањето на независната Република Махабад која независност е прогласена со помош на СССР. На 22 јануари 1946 година прогласената Република Махабад која била позиционирана на територија на Иран со седиште во градот Махабад воедно е и признаена од страна на Обединетите Нации како независна држава. И покрај што првата Курдска Република траела само една година и истата по заминување на СССР од територијата е завземена од страна на иранската

војска, а со помош на САД и Велика Британија, е од големо значење и претставува пресврт во историјата на Курдите со што јасно се испраќа пораката за курдските амбиции и цели за самоуправување во своја независна држава.

Со ставање акцент на образованието и продукцијата на се поголем број високо образовен курдски кадар се појавува формирање на курдските партии кои отпочнуваат со политичко влијание во четирите држави за унапредување на своите права и постогнување на крајната цел - независна држава. И покрај фактот што овој процес е бавен Курдите од ден на ден се здобиваат со поголеми права па доколку се направи паралела може да се воочи дека во втората половина од минатиот век курдскиот јазик бил предмет на забрана и Курдите биле изложени на асимилаторска политика, а денес тие претставуваат реален политички субјект во централните власти на државите Турција, Иран, Ирак и Сирија.

На почетокот од 80-тите години од минатиот век Курдската Работничка Партија – ПКК предводена од нивниот лидер Абдулах Оџалан започнува со герила акции врз турската армија и полиција. Борбата за унапредување на своите права добива нова димензија и приврзаниците на ПКК употребувајќи терористички методи го загрозуваат уставниот поредок на Република Турција. Абдулах Оџалан кој предвидел дека борбата од планините ќе се префрли во градовите преку дејствување на невладиниот сектор и курдските политичките партии во курдскиот електорат претставува култна личност, а додека од страна на Турција и Обединетите Нации е окфаликуван како лидер на терористичката организација ПКК. Но делото на Абдулах Оџалан ги охрабрува Курдите во регионот и тие започнуваат со безкомпромисната борба за своите права во регионот каде што живеат. Од горенаведеното се укажува на посената хипотеза дека Курдската работничка партија-ПКК превзема терористички акти и ја загрозува националната безбедност на Република Турција.

По „Арапската Пролет“ се нарушува рамнотежата на Средниот Исток и се појавува нова ситуација каде што се рушат режимите на голем дел од арапските држави. Оваа ситуација е искористена од страна на екстремистичките структури кака што се ИСИС кои ставаат под контрола голем дел од територијата на Ирак и Сирија.

Курдите подучени од минатото ја имаат научено лекцијата дека без поддршка на големите геополитички играчи нивното дејствување за

остварување на целите е залудно. Како доказ на тоа може да се посочи подршката на курдски сили за време на воената инвазија во 2003 година во Ирак со што е направен своевиден пакт помеѓу САД и Курдите.

Новонастаната ситуација претставува добра подлога и шанса за корекција на направената грешка од 1919 година која Курдите рационално ја искористуваат. Така Курдите организирани под воена команда на Народните одбранбени единици (ЈПГ) повторно прават пакт со САД и Западот и застануваат на нивна страна во борбата против ИСИС. Со тој чекор силите на сириските Курди ја зајакнуваат својата позиција во регионот и отпочнуваат да се промовираат на меѓународната сцена како сојузници на Западот против глобалнот злото. Во оваа војна курдските сили  покрај што се вооружени од страна на САД и Западот тие се и материјално помогнати и со тоа отпочнува позитивната пропаганда за Курдите на меѓународната сцена. Во дадената ситуација Курдите даваат жртва со цел да му се допаднат на Западот и на геополитичките играчи кои одлучуваат во редефинирањето на Средниот Исток.

Денес меѓународната пракса за создавање на нови независни суверени држави е видоизмената и по принципот на самоопределување е возможно нивно создавање. Како пример може да се даде отцепувањето на Црна Гора од Србија и прогласувањето на независност со помош на референдум одржан на 21 мај 2006 година каде 55% од излезените се изјаснале за формирањето на независна држава.

Како втор пример може да се даде прогласувањето независност на Република Косово која на 17 февруари 2008 година во Собранието ја објавува Декларацијата за независност и отцепување од Србија.

И двата примери на прогласување на независни држави го стекнуваат правото на суверенитет  врз основа на принципот на самоопределување и со тоа се воведува нова меѓународна пракса. Со помош на новата пракса Курдите многу лесно можат да дојдат до својата долго посакувана независна држава бидејќи сите предуслови се исполнети. Според обележјата на модерата држава вообличени со Вестфалскиот мировен договор од трите карактеристики Курдистан во моментов поседува две, територија и население но недостасува само третиот и најбитен предуслов, добивање на суверенитет.

За напоменување е фактот дека Автономната област на Ирачки Курдистан де факто претставува држава која има свое раководство и сама носи

одлуки. Во оваа автономна област на 25 септември 2017 година од страна на Курдската регионална управа во северен Ирак е организиран референдумот за формирање на независна држава со што е даден легитимитет на курдското раководството да формира нова држава. Но, и покрај позитивниот референдумски резултат со 92,73% „за“ од излезените гласачи геополитичките играчи покажаа дека не се исполнети условите и не се спремни да ја формираат идната нова држава на Средниот Исток. Очигледно е дека контурите на новата држава се исцртани и оттука може да се потврди поставената хипотеза дека Курдската независна област во северен Ирак претставува преодна фаза во формирањето на „Курдистан“.

Ставот на Република Турција која важи за битен субјект во Средниот Исток, а во врска со формирање на независен „Курдистан“ е категоричен и претставува најголема пречка во формирањето на нова држава во регионот бидејќи доколку се оформи независен „Курдистан“, истиот би претставувал закана за нивната територија.

За да може да се создаде „Курдистан“ потребно е да се намали моќта и влијанието на Република Турција во регионот. За таа цел од страна на центрите на моќ кои се прозападно ориентирани направени се повеќе обиди за дестабилизирање и слабеење на државниот систем на Република Турција проследен со протести, предизвикување на кризи, обид за државен удар со што делумно се остваруваат зацртаните цели. Но, Турција согледувајќи ја новонастанатата ситуација ја има прочитано “играта“ и го активира својот одбранбен механизам. Турција подобрувајќи ги односите со Русија ја отпочнува операцијата „Маслиново Гранче“. За напоменување е дека во временскиот период кога е поставена предметната рамка на истражување на овој труд пости заладување на Руско – Турските односи но со оглед на фактот дека геополитиката не претставува константа туку променлива која го менува својот курс во зависност од новонастанатите ситуации, така денес Турција и Русија претставуваат своевиден сојузник кои се борат против остварување на интересите и зацртаните цели на Западот. Турција дава јасна порака дека под ниту една околност нема да го дозволи формирањето на нова држава во близина на нејзината природна територијална граница, а со тоа им задава ненадоместлива штета на Курдите и го променува геополитичкиот тек на

настаните, а индиректно ги спречува Западните геополитички и геостратегиски играчи да ги остварат своите цели на Средниот Исток.

Предуслов за да се стабилизира регионот на Средниот Исток е решавањето на Курдското прашање, кое решавање би било преку компромис на Западот и Истокот проследено со формирање на нова Курдска држава која би била суверена и независна, но под услов новонастаната држава на Средниот Исток да не биде на сметка на територијата на Република Турција и да се добијат гаранции дека истата нема да има територијални претензии кон неа.

Од елаборираниот труд може да се заклучи дека се потврдува главната хипотеза односно дека Курдското прашање е во тесна релација со новонастанатата ситуација и политичко – географскиот процес на Средниот Исток.

**Библиографија**

1. https://www.britannica.com/story/are-the-middle-east-and-the-near-east-the-same-thing
2. Limbert, John (1968). "The Origins and Appearance of the Kurds in Pre-Islamic Iran". *Iranian Studies*(International Society for Iranian Studies adına Taylor & Francis, Ltd.)
3. KürtMeselesindeAlgıveBeklentiler, İletişimYayınları, 2011
4. Проф. Д-р. Тони Милески, *„Македонија: Рубикова коцка на Балканот„* Скопје, 2005,стр.149-150.
5. Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, "*Политички систем*", Скопје
6. Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, "*Уставно право*", Скопје, 2009,
7. Roderic H.Davison, Where Is The Mıddle East?, Foreign Affairs vol:38, New York, 1959-1960,
8. Davut Dursun, Ortadoğu Neresi Subjektif bir Kavramın Anlam Çerçevesi ve tarihi, www.stradgma.com,Kasım 2003
9. Курдското национално прашање, Гордана Синадиновска, Д-р Бранислав Синадиновски,1983 година
10. Шапилов С., „Османская печаты, Восточный сборник“,свп ,1931
11. https://www.britannica.com/topic/Kurd/media/325191/6304
12. Ghassemlou Abdul Rahman, Kurdistan and the Kurds, Praha, 1965;
13. The correlation Between Languages and Genes: The Usko-Mediterranean Peoples, Human Immunology, vol. 62, 2001
14. Kurdish language. Encyclopædia Britannica
15. Philip G. Kreyenbroek, Stefan Sperl, "The Kurds", Published by Routledge, 1992.
16. McKenzie, D. N. (1961) 'The origins of Kurdish', in Transactions of the Philological Society: 68 – 86
17. *Dr. M. R. Izady. "The National Flag of Kurdistan". Encyclopaedia Kurdistanica. 27 ноември 2007*
18. Zinnar Silopi, Doza Kürdüstan, 1969, Beyrut, Stewr Basımevi,
19. Al-Jazeera - A century on: Why Arabs resent Sykes-Picot
20. John Quigley - The Statehood of Palestine: International Law in the Middle East Conflict,
21. https://www.britannica.com/event/Sykes-Picot-Agreement
22. Memorandum on the Claims of the Kurd People - Serif Pasa 1919

23. Treaty of Peace Between The Allied & Associated Powers and Turkey Signed at Sevres - August 10, 1920
24. https://wwi.lib.byu.edu/images/1/14/TreatyOfSevresMapOfTurkey.gif
25. https://wwi.lib.byu.edu/images/2/22/Treaty_of_Sevres_President_Wilson_Armenian_Boundary.gif
26. https://www.britannica.com/event/Treaty-of-Sevres
27. 1924 ANAYASASI,T. Düstur, Cilt 26, s.170, Resmi Gazete 15/1/1945-5905, Kanun No Kanun Tarihi4695 10/1/1945 , член 88
28. Genelkurmay Belgelerinde Kürt İsyanları-1, Kaynak Yay., 1992,
29. Yeğen, Mesut. (1999). Devlet Söyleminde Kürt Sorunu, İstanbul: İletişim Yayıncılık
30. https://www.sabah.com.tr/secim/1-kasim-2015-genel-secimleri/
31. http://www.milliyet.com.tr/hdp-li-vekiller-hakkindaki-siyaset-2689483/
32. https://www.tbmm.gov.tr/develop/owa/milletvekillerimiz_sd.dagilim
33. Konrad Hirschler, "Defining the Nation: Kurdish Historiography in Turkey in the 1990's", Middle Eastern Studies, Jul 2001,37,
34. Bulaç, A. (2010), Kürtler Nereye?, İstanbul: Çıra Yayınları, 2010.
35. Bal, Mehmet Ali (2003). Savaş Stratejilerinde Terör. İstanbul: IQ Kültür Sanat Yayıncılık
36. Tekin, 1999: 108 TEKİN, Arslan, İmralı'daki Konuk (Cilt 1), Tutibay Yüksek Öğretim Yayınları, 1999
37. Tuğ, Baki (2010). Apo'dan Barzani'ye Terör ve Açılım. İstanbul: Boğaziçi Yayınları
38. Birand, Mehmet Ali (1992). Apo ve PKK. İstanbul: Milliyet Yayınları
39. Tuğ, Baki (2010). Apo'dan Barzani'ye Terör ve Açılım. İstanbul: Boğaziçi Yayınları
40. Denker, M. Sami. (1997). Uluslararası Terör Türkiye ve PKK, İstanbul: Boğaziçi Yayınları
41. https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/tu.html#field-anchor-terrorism-terrorist-groups-foreign-based
42. CodeTitle 22, Ch.38, Para. 2656f(d)
43. https://www.britannica.com/topic/Kosovo-Liberation-Army
44. [1]https://www.trackingterrorism.org/group/kosovo-liberation-army-kla
45. https://bianet.org/bianet/siyaset/13689-11-mart-1970-deklarasyonu
46. http://www.kolkhoba.org/turha446.htm
47. http://www.rudaw.net/NewsDetails.aspx?pageid=406785
48. HÜRMÜZLÜ, ErÇat, Türkmenler ve Irak, Kerkük Vakfı Yayınları, yer yok, 2003,
49. Kerim Yildiz (2004), „The Kurds in Iraq The Past, Present and Future",
50. *Walker, H.; Clark, T. (2005). "Election in Iraq - 30 January 2005: An Assessment". Journal of Asian Affairs.*

51. https://medium.com/@umudayar/do%C4%9Fu-kurdistan-i%CC%87ran-k%C3%BCrtleri-kimdir-7ea4b8723eaa
52. Ghassemlou A.R. Les Kurdes d" Iran, Парис 1981
53. [1]McDowall, David (2004). A modern history of the Kurds. I.B.Tauris. ISBN 1850434166.
54. Oğuzlu, T. (2011). Arap Baharı Ve Yansımaları. Ortadoğu Analiz, Cilt: 3, Sayı: 36
55. İçişleri Bakanlığı, (2017a). PKK/KCK Terör Örgütünün Suriye Kolu: PYD-YPG
56. İçişleri Bakanlığı, (2017b). Türkiye‘nin DEAŞ İle Mücadelesi.
57. Bingöl, O. (2016b). Suriye‘de Kürt Hareketi: PYD/YPG‘nin PKK Ve Bölgesel Kürt Dinamiği İle İlişkisi Ve Türkiye‘ye Etkileri. MSE, Rapor
58. Yılında Başlayan Siyasi Gelişmeler: Arap Baharı'nın Sonu, Suriye İç Savaşı. Yüksek Lisans Tezi, Ufuk Üniversitesi, Ankara, 2010
59. Reuters, 2012Reuters, (2012). After Quiet Revolt, Power Struggle Looms for Syria's Kurds. https://www.reuters.com/article/syria-crisis-kurds/after-quiet-revolt-powerstruggle-looms-for-syrias-kurds-idUSL5E8M27O620121107
60. Williams, Goldstein and Schfritz, Classic Readings of International Relations, Wadsworth Publishing Company, Belmond, California, стр.
61. Oppenheim, L. (1905) International Law. Longmans Green & Co
62. Владимир Ортаковски и Марија Миленковска "*Меѓународно јавно право*", Скопје, 2014,
63. John Westlake, International Law, Cambridge: Cambridge University Press, 1894
64. Malanczuk, P.(1997). Akehurst's Modern Introduction to International Law. New York: Routledge
65. AZARKAN, Ezeli, Devletlerin Tanınması ve 1933 Montevideo Sözleşmesi, **Gaziantep UniversityJournal of SocialSciences**, 15/4, 2016,
66. Peace of Westphalia, Енциклопедија „Британика", (www.britannica.com
67. The Crisis of the Sovereign State and the "Privatization" of Defense and Foreign Affairs, Heritage Foundation, (www.heritage.org).
68. [1] Тони Милевски "*Политичка географија и геополитика*", 2015, Скопје
69. H. Kelsen, Recognition in International Law, a.j.,Vol.35,p.605
70. J.Crawford, The Creation of States in International Law, 2nd edn, Oxford,2006,pp.19ff.)
71. Конвенција за правата и должностите на државите, донесена во Монтевидео, Уругвај, на 7-ма меѓународна конвенција на американските држави, 26 декември 1933, чл.3 и 6
72. Владимир Ортаковски и Марија Миленковска, „Меѓународно јавно право", Скопје, 2014

73. Димиар Бајалџиев, "Вовед во право", Скопје, 2009, стр.139-157
74. Саво Климовски, Тања Каракамишева, Раната Дескоска „ Политички Систем", Скопје, 2009,
75. J. Steiner, Europian Democracies, Longman, New York, 1998,
76. Владимир Ортаковски и Марија Миленковска "*Меѓународно јавно право*", Скопје, 2014,
77. Anthony Smith, Theories of Nationalism, Duckworth, London , 1971, s. 180, Aktaran: Hayati Hazır, a.g.m.
78. http://www.internethaber.com/pkk-bu-kez-sucustu-yakalandi-402606h.htm
79. https://www.yenicaggazetesi.com.tr/33-askerden-emre-asa-37074yy.htm
80. Serxwebûn Özel Sayı 6, s. 17
81. https://www.bbc.com/turkce/haberler-dunya-45650592
82. http://www.kurdistan24.net/tr/news/abd026bd-5342-4837-af71-980e98dc7c2a/)
83. https://sputniknews.com/politics/201703281052028869-washington-kurdish-state-syria/
84. https://www.mkd.mk/svet/vesti/netanjahu-go-poddrzhuvam-sozdavanjeto-na-nezavisen-kurdistan
85. https://a1on.mk/archives/351403
86. https://www.sozcu.com.tr/2018/gundem/turkiyedeki-suriyeli-multeci-sayisi-aciklandi-2331976/
87. "NATO'dan Rusya'ya İki Günde İkinci Uyarı". *Amerika'nın Sesi. 6 Ekim 2015. 25 Kasım 2015 tarihinde* kaynağından *arşivlendi.* Erişim tarihi: 25 Kasım 2015
88. "Turkey Refuses To Apologise For Downing Jet" *(İngilizce).* Sky News. *26 Kasım 2015. 26 Kasım 2015 tarihinde* kaynağından *arşivlendi.* Erişim tarihi: 26 Kasım 2015
89. https://www.mkd.mk/svet/vesti/erdogan-go-spasile-ruskite-razuznavachki-sluzhbi
90. Robert Olson "The Impact of the Southest Anatolian Project (GAP) on Kurdish Nationalism in Turkey" -The International Journal of Kurdish Studies, Vol.9, Nos.1-2, 1996.
91. "TÜRKİYE: KÜRT SORUNUNUN ÇÖZÜMÜ VE PKK"Avrupa Raporu N°219 – 11 Eylül 2012
92. BEKİR AĞIRDIR"KÜRTLER ve KÜRT SORUNU"Kasım2008
93. The Arab spring and The Geopolitics of the Middele East Emerging Security Threats and Revolutionary Change, AmrYossef and Joseph R. Cerami
94. Hugh Macdonald "Geopolitics and Middle East Conflict", 2002.
95. Gareth R. V. Stansfienld "Iraqi Kurdistan – Political development and emergent democracy", Taylor & Francis e-Library, 2003.

96. Spanish Institute of Strategic Studies "Geopolitical overview of conflicts",Spanish Ministry of Defence,2013.
97. Spanish Institute of Strategic Studies "Geopolitical overview of conflicts",Spanish Ministry of Defence,2014.
98. Kürt Meselesinde Aktörler ve Süreçler:Barısa Giden Farklı Seçenekleri Kesfetmek, A. Betül Çelik – Sabancı Üniversitesi
99. Kürt Meselesinin Çözümüne, İlişkin Algılar, Aktörler ve Süreç, İstanbul, Mayıs 2013
100. Agha, Shaikh and State, Martin van Bruinessen, "The Social and Political Structures od Kurdistan", Zed Books Ltd London and New Jersey, 1992.
101. Mohammed MoustafaOrfy, "NATO and the Middle East" - The geopolitical context post-9/11, London and New York, 2011.
102. Nuran TAġLIGĠL, Güven ġAHĠN, "ORTADOĞU KAVRAMI VE TÜRKĠYE'DE ORTADOĞU COĞRAFYASI ĠLE ĠLGĠLĠ BĠR LĠTERATÜR ÇALIġMASI"
103. Saul Bernard Cohen, Geopolitics "The geography of International Relations", 2003.
104. KÜRT SORUNU, ÇÖZÜM İÇİN ÖNERİLER, Mart 2011.
105. ALGILAR VE TUTUMLAR, "TÜRKİYE'DE KİMLİKLER, KÜRT SORUNU VE ÇÖZÜM SÜRECİ", Eylül 2014.
106. Проф. Д-р. Зоран Килибарда, "Основе Геополитике", Београд, 2008.
107. Дугин, А. (2004) Основи геополитике 1. Зрењанин: Екопрес.
108. Дугин, А. (2004) Основи геополитике 2. Зрењанин: Екопрес.
109. Желтов, В.В. Желтов, М.В. (2012) Геополитика: история и теория. Москва: Вузовский учебник.
110. Нартов, Н.А. Нартов, В.Н. (2013) Геополитика. Москва: Юнити.
111. Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, "Политички систем", Скопје.
112. Милески, Тони (2005): Македонија: Рубикова коцка на Балканот; Филозофски факултет, Скопје
113. Проф. Д-р Саво Кламовски, Проф. Д-р Рената Дескоска, Проф. Д-р Тања Каракамишева, "Уставно право", Скопје, 2009.
114. Милески, Тони (2010): Концепти на светски геополитички поредоци; Безбедносни Дијалози Број 2 Година I, Скопје
115. Милески, Тони (2006): Геополитички модел за процесирање на геополитички настани; Современа македонска одбрана Број 14 Година V, Скопје

116. Милески, Тони (2001): Територијалниот императив-фактор кој влијае на стабилноста во Југоисточна Европа; Современа македонска одбрана Број 3 Година II, Скопје

117. Милески, Тони (2004): Политичко-географскиот процес како детерминанта на формирањето на политичката карта; Современа македонска одбрана Број 9 Година IV, Скопје

118. Милески, Тони (2000): Поимно определување на политичката географија и нејзиното место во светската академска практика; Современа македонска одбрана Број 2 Година I, Скопје

119. Мојаноски, Т. Цане (2007): Методологија на истражување на безбедносните појави; Скопје, 2007

120. Ömer Turan, Tarihin Başladığı Nokta Orta Doğu , Step Aj ans Yayınları, Ġstanbul 2002